**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Самостојно одделение за стратешко планирање**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

**февруари 2024 година**

# СОДРЖИНА

**1 ПРОГРАМИ** .......... **4**

**2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ** .......... **7**

**2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ** .......... **8**

2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА .......... 8

2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ .......... 17

2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ .......... 29

2.1.4 ПРОГРАМА: ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА .......... 37

2.1.5 ПРОГРАМА: ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ .......... 45

2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕУ .......... 53

2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР .......... 74

2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА .......... 82

**2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2023 година** .......... **88**

**2.3 Оценка на спроведувањето на другите активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа** .......... **99**

**3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** .......... **110**

**3.1 Извештај за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2023 година** .......... **110**

**3.2 Извештај за реализацијата на Годишниот план за обуки** .......... **111**

**4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ** .......... **112**

**5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ** .......... **112**

# ВОВЕД

Главната цел на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија, а притоа да креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем којшто ќе стимулира фер и одржлив економски раст во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинираат среднорочната фискална политика, макроекономската политика и политиката на јавен долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи и Програма за управување со јавните финансии со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии, во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, внатрешната финансиска контрола и активностите во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување перење пари и финансирање тероризам.

Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотноправни работи, сите како органи во состав на Министерството за финансии.

# 1 ПРОГРАМИ

Во текот на 2023 година, активностите на Министерството за финансии беа насочени кон остварување на стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за интензивирање на процесите за интеграцијата во ЕУ, справување со светската енергетска криза и пандемијата, постигнување долгорочен и одржлив економски раст, одржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, подобрување на наплатата на приходите и рационално и наменско трошење на јавните средства, што ќе придонесе за подобрување на животниот стандард на населението.

Министерството за финансии, во текот на 2023 година, во рамките на своите законски надлежности ги реализира следниве програми со мерки и активности коишто се насочени кон остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии, содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети во 2023 година (објавено во „Службен весник на РСМ“, бр. 122/2):

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- справување со последиците од светската пандемија на КОВИД – 19 и други кризи;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- развивање одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Со цел остварување на наведените стратешки приоритети, Министерството за финансии презема мерки што ќе придонесат за нивна реализација на истите, притоа дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти;

- одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи;
- реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии;
- зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво;
- унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и инвестициите;
- воведување на буџетското финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност);
- квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија;
- ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување преку доставување квалитетна тендерска документација во рамките на ИПА 3;
- заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси и борба против неправилности и измами;
- одржување професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови;
- усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Со Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2023 година предвидено е да се имплементираат вкупно 8 програми, и тоа:

- **ПРОГРАМА: Администрација и поддршка**
  - Потпрограма: Правни работи
  - Потпрограма:  Општи работи
  - Потпрограма: Човечки ресурси
  - Потпрограма: Финансиски прашања
  - Потпрограма: Внатрешна ревизија
  - Потпрограма: ИК технологија и дигитализација
  - Потпрограма: Стратешко планирање
  - Потпрограма: Академија за јавни финансии

- **ПРОГРАМА: Економска политика и развој**
  - Потпрограма: Макроекономски политики
  - Потпрограма: Развојни проекти

- Потпрограма: Економски форум
- Потпрограма: Унапредување на фискалната децентрализација
- Потпрограма: Ефективни инструменти согласно планот за забрзан економски раст

- **ПРОГРАМА: Буџет, трезор и јавен долг**
  - Потпрограма: Буџети и фондови
  - Потпрограма: Трезор
  - Потпрограма: Управување со јавен долг

- **ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика**
  - Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи
  - Потпрограма: Даночна политика
  - Потпрограма: Царинска политика

- **ПРОГРАМА: Финансиски систем**
  - Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции
  - Потпрограма: Пазар на капитал
  - Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања
  - Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри
  - Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување

- **ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија**
  - Потпрограма: Управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА
  - Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)
  - Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција
  - Потпрограма: Меѓународни финансиски односи
  - Потпрограма: Управување со јавни инвестиции

- **ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор**
  - Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола
  - Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор

- **ПРОГРАМА: Управување со државни средства**
  - Потпрограма: Нормативно имотноправни и облигациони работи
  - Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците

# 2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Поради вонредните околности поврзани со светската енергетска криза, пандемијата на КОВИД-19, воените конфликти и економско-финансиската состојба во земјава како резултат на ценовната криза, дел од планираните мерки и активности не можеа да бидат реализирани во предвидените роковите во Годишниот план за 2023 година и тие се пренесени во Годишниот план за 2024 година. Притоа, реализирани се 66 активности кои не биле планирани во Годишниот план за 2023 година.

| Програми | Планирани активности | Реализирани активности | Одложени/нереализирани активности | Непланирани активности | Вкупно по програми |
|---|---|---|---|---|---|
| Администрација и поддршка | 56 | 55 | 1 | 8 | 64 |
| Економска политика и развој | 37 | 36 | 1 | / | 37 |
| Буџет, трезор и јавен долг | 33 | 33 | / | 13 | 46 |
| Даночна и царинска политика | 21 | 17 | 4 | 9 | 30 |
| Финансиски систем | 32 | 25 | 7 | 5 | 37 |
| Меѓународни финансии и соработка со ЕУ | 43 | 35 | 8 | 28 | 71 |
| Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор | 17 | 15 | 2 | / | 17 |
| Управување со државни средства | 21 | 16 | 5 | 3 | 24 |
| Вкупно | 260 | 232 | 28 | 66 | 326 |
| % | 100 | 89,2% | 10,8% | 25,4% | |

# 2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

## 2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Административна и информатичка поддршка на Министерството со цел непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки и изготвување акти за канцелариско и архивско работење | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.1 Програма: Администрација и поддршка** | **Цел на програмата:**<br>Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството и во субјектите со кои има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за прани работи<br>– Сектор за општи работи<br>– Сектор за управување со човечки ресурси<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Сектор за ИК технологија и дигитализација<br>– Одделение за стратешко планирање<br>– Сектор Академија за јавни финансии |
| **2.1.1.1 Потпрограма: Правни работи** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори | | **Одговорен:**<br>– Сектор за правни работи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување постапки за набавки во 2023 година без примена на Законот за јавните набавки, за набавки чија вредност е под вредносните прагови предвидени во Законот за јавните набавки, а која во текот на годината не надминува 1000 евра во денарска противвредност за иста стока или услуга или 12 000 евра во денарска противвредност вкупно за сите стоки и услуги | Набавките се реализираат во согласност со пропишаните вредносни прагови согласно Законот за јавните набавки | По потреба се спроведуваат постапки без примена на Законот за јавните набавки и за нив се води евиденција која се објавува на ЕСЈН на квартална основа | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.2 Потпрограма: Општи работи** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | **Одговорен:**<br>- Сектор за општи работи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Склучување анекси кон договорите за набавки склучени без примена на ЗЈН | | | Овие активности не се предвидени во Годишниот план, но Секторот за правни работи ги спроведува |
| Одобрувања за користење на службените возила од страна на вработените | Во текот на 2023 година, Секторот за општи работи на дневна основа одобруваше користење на службените возила на Министерството за финансии | | Овие активности не се предвидени во Годишниот план, но Секторот за правни работи ги спроведува |
| Изготвување решенија за користење мобилни телефони од страна на вработените на МФ | По донесувањето на новата Одлука број 41-1678/20 од 29.3.2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 75/2023) за определување корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење, во 2023 година беа изготвени 207 нови решенија за вработените во МФ за користење службени мобилни телефони | | Овие активности не се предвидени во Годишниот план, но Секторот за правни работи ги спроведува |
| Издавање упатници за користење на објектите за одмор во Дојран и Крушево | Во текот на 2023 година беа издадени 120 упатници за користење на апартманте во Дојран и 32 упатници за апартманите во Крушево | | Овие активности не се предвидени во Годишниот план, но Секторот за правни работи ги спроведува |
| Склучени анекси кон договорите за набавки склучени без примена на ЗЈН | | | Овие активности не се предвидени во Годишниот план, но Секторот за правни работи ги спроведува |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– Сектор за управување со човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за вработување за 2024 година | Годишниот план за вработување за 2024 година е донесен во предвидениот рок | Годишниот план за вработување на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |
| Изготвување Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во предвидениот рок | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | Дел од вработените посетуваа генерички обуки согласно Годишниот план |
| Изготвување Годишен план за годишните одмори на вработените во Министерство за финансии | Годишниот план за годишните одмори на вработените во Министерство за финансии е донесен во предвидениот рок | Годишниот план за годишните одмори на вработените во Министерство за финансии е донесен во планираниот рок | Решенијата за користење годишен одмор се изготвуваа во континуитет |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.1.4 Потпрограма: Финансиски прашања | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Редовно сервисирање на обврските кон давателите на услуги | | Одговорен:<br>– Сектор за финансиски прашања |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии | Прием на документација за исплата од Министерството за финансии и 34 подрачни одделенија на МФ | Навремена исплата на обврските согласно добиената документација | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недоволниот број вработени во Одделението за сметководство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во реализацијата на проектот „Купи куќа, купи стан“ | Прием на документација за исплата (Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенции и Известување за исплата на субвенција) | Навремена исплата на ратите согласно добиената документација за исплата (Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенција и Известување за исплата на субвенција) | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недоволниот број вработени во Одделението за сметководство |
| Спроведување попис на средствата и изворите на средства на Министерството | – Извештај за попис на средствата и на изворите на средства<br>– Евидентирање на промените од пописот во програмата за основни средства | Врз основа на извештаите од комисиите, изготвено е Решение за усвојување на Извештајот за попис на средства и на изворите на средства | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недоволниот број вработени во Одделението за сметководство |
| Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | Утврдување на среднорочните расходи и приходи од „вообичаените надлежности“ кои произлегуваат од постојното законодавство, постојните обврски и задачи. Предлагање нови проекти и финансиски обврски | Се користат податоци од организационите единици на МФ, органите во состав и проектните единици кои доставуваат предлози за буџетски средства до СФП, а се користи и анализа за реализацијата на буџетските средства во изминатиот период | Ризици што би влијаеле врз спроведувањето на активноста се ненавременото добивање предлози од надлежните единици и барањето за подоцнежно вклучување на потребните средства |
| Изработка на Предлог-буџетот на Министерството за финансии | – Собирање податоци и изработка на анализа за извршувањето на буџетот на Министерството за финансии<br>– Доставување на Предлог-буџетот на Министерството за финансии до Секторот за буџети и фондови | – Во јули беше доставено циркуларно писмо до организационите единици на МФ и органите во состав на МФ под раздел 09001 и врз основа на нивните предлози се собираат потребните податоци за изработка на Предлог-буџетот на Министерството за финансии<br>– Доставен Предлог-буџетот на Министерството за финансии до Секторот за буџети и фондови | Ризик што би влијаел врз спроведувањето на активноста е недобивањето навремени и реални предлози од надлежните единици |
| Завршна сметка на Министерството за финансии | Изготвување бруто-биланс и пополнување на обрасците на Завршната сметка на Министерството за финансии | Подготвување на Годишниот финансиски извештај и на обрасците за Завршната сметка кои се доставуваат до Централниот регистар, Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи | Ризици што влијаат врз спроведувањето на наведената активност се ненавременото доставување на Извештајот од пописните комисии и недоволниот број вработени во Одделението за сметководство |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| 2.1.1.5 Потпрограма: Внатрешна ревизија | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– Сектор за внатрешна ревизија |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, согласно годишните планови за внатрешна ревизија | Реализирање на единаесет (11) ревизии предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Реализирани се десет (10) внатрешни ревизии во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Не е реализирана една (1) ревизија во Секторот за централно финансирање и склучување на договори бидејќи единствениот вработен во Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондовите беше на боледување подолг период, а потоа со решение за унапредување е распореден во друг сектор на Министерството за финансии |
| Изготвување годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување на шест (6) годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Изготвени се шест (6) годишни извештаи за активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br>Извештаите се изготвени навремено и во согласност со правната регулатива | |
| Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија согласно правната регулатива | Изготвени се стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br>Стратешките планови се изготвени навремено и во согласност со правната регулатива | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.6 Потпрограма: ИК технологија и дигитализација** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктура и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ИСО-стандард/код 27002: 2013 за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите | | **Одговорен:**<br>– Сектор за ИК технологија и дигитализација |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти | Континуирана функционалност на инфраструктурата за ИКТ и континуитет на бизнис-процесите | Следење на серверите и работните станици, апликативните решенија и континуитетот на бизнис-процесите | Континуирано |
| Професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со финансии | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Управување со привилегиран пристап (PAM) | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Проверка на сигурноста од пробивање (penetration testing) на надворешната и интерната инфраструктура за ИТ, со што дополнително ќе се провери безбедноста на ИКТ системот | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Целосна надградба и редизајнирање на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Редизајнирање на мрежата на МФ | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Надградба и промена на активната мрежа на WIFI и покривање на подрачните единици со WIFI | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Развој и имплементирање на ИФМИС | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Заштитен ѕид на веб-апликации - WAF | | | Целосно спроведена активност |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.7 Потпрограма: Стратешко планирање** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Самостојно одделение за стратешко планирање |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2023 – 2025 година<br>Активности:<br>– Донесување и објавување на Стратешкиот план на веб-страницата на МФ | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Стратешки план за 2023 – 2025 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Стратешкиот план за 2023 – 2025 година | Стратешкиот план на МФ за 2023 – 2025 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |
| Подготовка, донесување и објавување на Годишниот план за работа на МФ за 2023 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Годишен план за работа во 2023 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Годишниот план за работа за 2023 година | Годишниот план за работа за 2023 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење и известување за спроведување на Годишниот план за работа на МФ (квартални извештаи) | Кварталните извештаи се подготвуваат согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите ОДУ во процесот на следење, оценување и известување за спроведување на Стратешкиот план и ГП за работа („Службен весник“ бр. 131/18) | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештајот на следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа за 2023 година (квартални извештаи) | Се врши континуирано следење, оценување и известување за спроведувањето на ГП за работа на МФ. Кварталните извештаи за следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ за 2023 година се изготвени и доставени до Кабинетот на министерот |
| Подготовка, донесување и објавување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година | Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година е доставен до ГС на 13.3.2023 година и објавен на веб-страницата на МФ |
| Подготовка на Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2022 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документИзвештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештајот за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година | Извештајот за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година е доставен до ГС на 15.3.2023 година |
| Доставување предлози за утврдување на стратешките приоритети и приоритетни цели за 2024 година | Навремена и квалитетна подготовка на предлозите за приоритетни цели за наредната година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на предлозите за приоритетни цели за 2024 година | Предлозите за утврдување на стратешките приоритети и приоритетни цели за 2024 година се доставени до ГС со допис бр. 24-5490 /1 од 4.4.2023 г.)<br>Доставување предлози за стратешките приоритети и приоритетни цели за 2024 - 2028 година (24-12113/1 од 26.10.2023 година) |
| Законодавна агенда на Владата за 2023 година | Навремено ажурирање на Законодавната агенда | Усогласување, координирање и консултации со засегнатите сектори во МФ за ажурирање на Агендата | Законодавната агенда на Владата редовно се ажурира, а предлозите за настанатите промени на роковите на предлог-законите Се навремено доставени |
| Подготовка на Нацрт-стратешки план на МФ и креирање програми, потпрограми и проекти | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Нацрт-стратешки план за 2024 – 2026 година | | Доставување на Нацрт-стратешкиот план до ГС на Владата на РСМ |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Нов Закон за стратешко планирање и управување со развојот на РСМ | / | / | Повлечен од причина што од страна на Кабинетот на вицепремиерот за добро владеење во рамки на проектот Преосмислување на управувањето е формирана работната група со членови од МФ, ГС и експерти од Центарот за управување со промени со цел изготвување анализа на влијание на регулативата за иницијативата - донесување Закон за стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија. Подготвената анализа е доставена до Кабинетот на вицепремиерот за добро владеење |

| **2.1.1.8 Потпрограма: Академија за јавни финансии** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување на капацитетите во областа на јавните финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор - Академија за јавни финансии |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Екипирање и опремување на Академијата за јавни финансии | Функционална Академија за јавни финансии и број на спроведени обуки и издадени сертификати и лиценци | Делумно постигнати цели | – Воспоставен функционален сектор – Академија за јавни финансии во кој се вработени 7 лица, во тек се 2 процедури за вработување преку јавен оглас и процедура на преземање на едно лице од друга институција<br>– Преземени мерки за обезбедување простор за Секторот |
| Програмирање, организирање и спроведување обуки и испити | Функционална Академија за јавни финансии и број на спроведени обуки и издадени сертификати и лиценци | Делумно постигнати цели | Изготвени Методологија за работа на Академијата за јавни финансии, Анализа на потребата од обуки и Годишна програма за обуки во која се определуваат обуките што ќе се спроведуваат во 2024 година |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Административна и информатичка поддршка на макроекономската и фискалната стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст и унапредување на фискалната децентрализација<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност). | |
| **Назив на програмата/потпрограмата:**<br>**2.1.2 Програма: Економска политика и развој** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе резултира со подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>– Сектор за економска политика и развој<br>– Проектни единици<br>– Сектор - Кабинет на министерот<br>– Посебен советник на министерот<br>– Државен советник на министерот за финансиски систем |
| **2.1.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори и координација во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | **Одговорен:**<br>– Сектор за економска политика и развој |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Мерка 1. Подготовка на Програма на економски реформи 2024 – 2026 година** | | | |
| Спроведување оценска мисија на ЕК за ПЕР 2023 - 2025 година со дискусија за предлог на заеднички заклучоци | Спроведена оценска мисија на ЕК за ПЕР 2023 - 2025 година | На 16 и 17 февруари 2023 г. беше спроведена оценска мисија на ЕК за ПЕР 2023 - 2025 година. На оценската мисија учествува претставници на Директоратот за Западен Балкан во рамки на Генералниот директорат за соседска политика и проширување, Генералниот директорат за Економија и финансии и Директоратот за вработување и социјална политика, министерот за финансии на РСМ, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, министрите од Владата на РСМ и претставници од ДЕУ во Скопје. На мисијата беше истакната важноста на дискусијата за заедничките заклучоци кои беа усвоени во мај 2023 година во рамки на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ | |
| Економско-финансиски дијалог со ЕУ за ПЕР 2023 - 2025 година и нови заеднички предлог-заклучоци | Одржан дијалогот ЕКОФИН и усвоени заеднички заклучоци https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/policy-highlights/economic-governance_en | Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија (ЕУ) и Западен Балкан и Турција се одржа на 16 мај 2023 година помеѓу „триото“ коешто претседава со Советот на ЕУ и министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите од Западен Балкан и Турција, каде што беа усвоени Заедничките заклучоци со конкретни насоки за политики за циклусот на Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година | |
| Доставување Информација до Владата на РСМ за Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година со Акциски план за реализација на Заедничките заклучоци усвоени на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ | 1.3. Изготвена и доставена во владина процедура Информација за Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година | Информацијата е усвоена на 181-та седница на Владата одржана на 29.8.2023 година | |
| Собирање, интегрирање, проверка и коригирање на материјалите од надлежните институции и од секторите во МФ | 1.4. Изготвување на ПЕР 2024 - 2026 година Заклучок по точка 28 од 181-та седница на Владата одржана на 29.8.2023 година | Согласно заклучокот, институциите вклучени во изработка на ПЕР доставија до МФ нацрт-реформски мерки и известување за спроведување на препораките од дијалогот ЕКОФИН што се одржа во мај 2023 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работилници со институциите во организација на ЦЕФ - Љубљана за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024 – 2026 година | Учество на работилници во организација на ЦЕФ - Љубљана за поддршка на процесот на подготовка на ПЕР, континуирано во текот на годината | 1.5. Во март 2023 година ЦЕФ – Љубљана одржа онлајн обука на тема „Лидерски предизвици за структурни реформи“ https://www.cef-see.org/23-lcfsr-p-1169<br>На 25 и 26 април 2023 година во организација на ЦЕФ - Љубљана беше одржана работилницата - Соработка за процена на влијанието на структурните реформи во Северна Македонија (Collaborative Impact Assessment of Structural Reforms in North Macedonia)<br>https://www.cef-see.org/23-catia1nm-1576<br><br>На 4 и 5 јули 2023 година во Скопје, во организација на ЦЕФ - Љубљана се одржа работилница за процесот на подготвка на следниот ПЕР: ПЕР 2024 – 2026: Интегрирано планирање и координација – Северна Македонија (ERP 2024-2026: Integrated Planning and Coordination - North Macedonia), во Скопје<br>https://www.cef-see.org/23-e2spaicnm-1142<br><br>Од 24 до 26 октомври 2023 година во организација на ЦЕФ Љубљана се одржа работилницата Интегрирање на структурните реформи содржани во ПЕР 2024 – 2026 година во буџетите и меѓусебна соработка за процена на влијанието (Integration of Structural Reforms from the ERP 2024-2026 into Budgets and Collaborative Approach to Impact Assessment).<br>https://www.cef-see.org/23-catia3nm-1578 | |
| Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024 – 2026 година | Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024 - 2026 година | Советодавната мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024 - 2026 година не се одржа | ЕК не закажа Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024 - 2026 година |
| Доставување на Програмата на економски реформи до заинтересираните страни и пошироката јавност за консултации, како и до ЕСС | Објавен Нацрт-ПЕР 2024 - 2026 година, дел 5 Структурни реформи на веб-страницата на МФ како дел од процесот за консултации со јавноста | Во периодот од 15 до 29 декември Нацрт-ПЕР 2024 - 2026 година, дел 5 Структурни реформи беше објавен на веб-страницата на МФ (https://finance.gov.mk/консултации-со-јавноста-за-нацрт-прог/) како дел од процесот за консултации со јавноста. Истовремено беше доставена електронска покана до заинтересираните страни за доставување мислења и забелешки во однос на мерките. Добиените коментари и забелешки од заинтересираните страни се вклучени во Прилог 3 од ПЕР 2024 - 2026 година | |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година до Владата на РСМ за усвојување | Усвоена Програма на економски реформи 2024 - 2026 година од страна на Владата | Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година беше усвоена на 221-та седница на Владата, одржана на 16.1.2024 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување на Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година до Европската комисија | Доставена Програма на економски реформи 2024 - 2026 година до Европската комисија | Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година беше доставена до Европска комисија на 17.1.2024 година | |
| **Мерка 2. Подготовка на Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија**<br>**Објавен Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија** https://finance.gov.mk/извештаи-трезор/ | | | |
| Собирање податоци и изработка на полугодишна анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ | | Во текот на првата половина од 2023 година беа собрани податоците потребни за изработка на полугодишната анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ. Анализата беше подготвена во јули 2023 година | |
| Доставување на Извештајот за извршување на Буџетот на РСМ до Владата на РСМ | | Извештајот за извршувањето на Буџетот на РСМ за првите шест месеци беше доставен до Владата на РСМ до 31 јули 2023 година. Полугодишнниот извештај за извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари - јуни 2023 година беше усвоен на седница на Владата одржана на 5.9.2023 година и објавен на веб-страницата на МФ | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.2.2 Потпрограма: Развојни проекти | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– МСИП - проектна единица,<br>– Сектор за финансиски систем<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата<br>– Биро за јавни набавки<br>– Управа за јавни приходи и Царинска Управа |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор | Подобрување на енергетската ефикасност кај поднесените објекти и подпроекти | | Проектот се реализира според предвидената динамика |
| Втор проект за подобрување на општинските услуги – Втор МСИП | Подобрување на општинските услуги кај општините учеснички во Проектот | | Крајниот рок за завршување на Вториот МСИП беше 31 јануари 2023 година, при што Проектот е завршен, вклучувајќи ги и финалните исплати. Во текот на траењето на Проектот, во компонентата за подзаем 37 општини потпишаа 38 договори за подзаем со Министерството за финансии, а беа реализирани 54 подпроекти при што подпроектот на една општина е реализиран со намален обем<br>Во рамки на компонентата за грант за сиромашни области и социјална вклученост беа потпишани 40 договори за грант со 35 општини за реализација на 43 подпроекти и сите се целосно завршени |
| Проект на ИПА „Зајакнување на внатрешниот пазар“ | | | Изминатиот период консултантот ангажиран преку Проектот на ИПА „Зајакнување на внатрешниот пазар“ во кој Министерството за финансии е корисник на Компонента 3 (Подобрување на усогласеноста на националното законодавство со Законодавството на ЕУ- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Поглавје 6 во делот на сметководство и ревизија) подготви работен текст на Предлог-законот за сметководство. Работната група составена од претставници од повеќе институции (МФ, МЕ, КХВ, ЦР, ИСОС и СУНСП) заедно со консултантот одржаа три состаноци на кои се разгледуваа Предлог-одредбите од Законот во насока на нивно подобрување и финализирање |
| ИПА твининг-проект МК 18 IPA FI 01 19 Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола | Реализирани обуки преку меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | Проектните активности се спроведуваат во рамки на планираната динамика, без некои проблеми. Целите на Проектот се остваруваат сукцесивно паралелно со тековното спроведување на активностите | Во изминатите 15 квартали беа спроведени 160 активности преку 190 мисии. (Компонента 1 - 22 активности и 33 мисии, Компонента 2 - 76 активности и 89 мисии, Компонента 3 - 31 активност и 36 мисии и Компонента 4- 31 активност и 32 мисии).<br>Периодот на имплементација на Проектот е продолжен до 31.7.2024 година |
| ИФМИС (Интегриран информациски систем за управување со финансии) | | | Активностите поврзани со имплементација на ИФМИС засега се одвиваат согласно предвидената динамика, односно до 30 мај 2023 година. Оформено е Работно тело за развој и имплементација на ИФМИС, одржана е негова конститутивна седница и усвоен е Деловникот за работа.<br>Во текот на јуни, на седница на Работното тело беа усвоени Критериуми за избор на експерти за поддршка на работата на Работното тело, како подготовка за објава на јавен, меѓународен повик за набавка на предметните услуги.<br>Воедно, во процес на финализација е тендерската документација за избор на изведувач за развој на ИФМИС, а за таа цел се вршат консултации со Светската банка |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| **2.1.2.3 Потпрограма: Економски форум** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Зголемување на транспарентноста и инклузивноста на повеќе релевантни чинители во подготовката на стратешките документи во доменот на јавните финансии, а особено во контекст на подготовката на Буџетот на Република Северна Македонија за следната фискална година.<br>Размена на идеи и искуства во однос на глобалните, регионалните и националните перспективи за закрепнување и забрзан економски раст, соодветно и искуства од дефинирана тема на Конференцијата помеѓу владини претставници и експерти од земјата и регионот. | | **Одговорен:**<br>– Сектор Кабинет на министерот |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Годишна конференција на Министерството за финансии – „Скопје економски и финансиски форум 2023“ (Skopje Economic and Finance Forum)<br>– Подготовка на Годишната конференција | Присуство на еминентни гости, професори, министри од земјата и регионот, високи претставници на меѓународни финансиски институции, амбасадори и други | Целосна организација на настанот од страна на избрана компанија на тендер преку постапка спроведена од страна на Бирото за јавни набавки<br>Официјална покана до сите гости од страна на министерот | Скопскиот економски и финансиски форум (СЕФФ) е иницијатива на Министерството за финансии чија цел е да овозможи дебата за јавните политики на теми релевантни за Република Северна Македонија и за Југоисточна Европа преку годишни конференции, повремени семинари и портал за анализи и коментари.<br>Тој треба да ја поттикне синергијата на идеи и иницијативи на креаторите на политиките, политичките претставници, меѓународните партнери за развој, граѓанското општество, академската јавност, бизнис-секторот и другите експерти и засегнати страни за подобрување на политичкиот дијалог на економски и финансиски теми со национален и регионален опфат.<br>Одлуката на Министерството за финансии за организирање меѓународна конференција на високо ниво произлегува од заложбата на Министерството за финансии како институција да промовира транспарентност и инклузивен дијалог со голем број засегнати страни. Инклузивноста е од особена важност во креирањето на идните политики и мерки со цел постигнување подобри резултати во насока на остварување на нашите цели, односно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | економско закрепнување и инклузивен, забрзан и зелен раст и приближување на регионот на Западен Балкан до единствениот пазар на ЕУ и продлабочување на регионалната економска интеграција.<br>Конференцијата ќе биде одлична можност да се слушнат искуства и ставови на високите владини претставници од регионот, како и на претставниците на меѓународните финансиски институции и на бизнис-секторот.<br>Учесниците ќе имаат единствена можност да разговараат за креирањето на макроекономските политики, јавните финансии и структурните реформи, мобилизацијата на приватниот капитал, засилената регионална соработка итн. Конференцијата претставува форум на високо ниво за размена на мислења за глобалните и регионалните перспективи на постпандемското закрепнување и раст, поддржувајќи ги на тој начин здравите макроекономски политики, доброто управување и граѓанското учество. Соодветната, навремената и добро насочената поддршка за социјалната инклузија, дигитализацијата, зелената економија и создавањето човечки капитал, исто така, би ја зголемила отпорноста во постпандемските времиња. |
| – Реализација на Годишната конференција | | | Скопскиот економски и финансиски форум (СЕФФ) е иницијатива на Министерството за финансии чија цел е да ги олесни дебатите за јавните политики на теми релевантни за Република Северна Македонија и регионот.<br>Третото издание на СЕФФ се одржа на 15 септември 2023 година на тема „Европска интеграција и економски просперитет, Европа - да, Европа - сега“ и се состоеше од четири панел-дискусии: Европска и регионалната интеграција; Пазари, институции и  економски просперитет; Геополитика, креирање политики и финансии и Глобални трендови и деловни можности. На Конференцијата учествуваа министри, претставници на меѓународни финансиски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | институции, меѓународните партнери за развој, граѓанското општество, академската заедница, бизнис-секторот и други експерти и чинители кои иницираа конструктивни идеи и препораки за политики што се применливи во регионален контекст. Оваа година фокусот на Конференцијата беше врз забрзувањето на европската интеграција на Западен Балкан во духот на планот на Европската комисија за Западен Балкан, најавен од претседателката на Европската комисија, Н.Е. г-а Урсула фон дер Лејен, на крајот на мај 2023 година.<br>Учесниците имаа исклучителна можност да дискутираат за планирањето на макроекономските политики, јавните финансии и структурните реформи, мобилизацијата на приватниот капитал, зајакнувањето на регионалната и европската соработка, дигитализацијата, зелената економија, формирањето човечки капитал итн.<br>Одлуката на Министерството за финансии да организира меѓународна конференција на високо ниво произлегува од заложбата на Министерството да ги промовира транспарентноста и инклузивниот дијалог со релевантните чинители |
| – Информација и препораки по однос на темата на Годишната конференција | | Размена на идеи и искуства во однос на глобалните, регионалните и националните перспективи за закрепнување и забрзан економски раст, соодветно и искуства од дефинирана тема на Конференцијата помеѓу владини претставници и експерти од земјата и регионот | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.2.4 **Потпрограма: Унапредување на фискалната децентрализација** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>- Градењето добро поставен систем на јавни финансии е обемен процес, којшто се состои од повеќе сегменти, меѓу кои и фискална децентрализација. Тој е основа за одржлив економски систем. Децентрализацијата на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет е еден од приоритетите што произлегува од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со ЕУ и Рамковниот договор. Во насока на продолжување и унапредување на процесот на фискална децентрализација, со крајна цел обезбедување подобри услуги за граѓаните, неопходно е да се постигне поголема финансиска дисциплина на општините, но и поголема транспарентност и отчетност за тоа како ги трошат средствата на граѓаните. Зголемувањето на финансиската дисциплина на општините и намалувањето на долговите може да се постигне преку реално планирање на приходите и расходите на општините, рационализација во работењето и намалување на непотребните расходи, редовно сервисирање на обврските, поголема финансиска дисциплина, процедури за прогласување финансиска нестабилност и анализа на постојните обврски на општините и јавните претпријатија. Министерството за финансии во изминатиот период активно работеше на реформа за унапредување на фискалната децентрализација, која нуди системско решение за стабилни финансии на општините, што е предуслов за одговорни општини и испорака на квалитетни и ефикасни услуги за граѓаните | **Одговорен:**<br>– Сектор за буџет<br>– Сектор за даночна и царинска политика<br>– Посебен советник на министерот |
|---|---|---|

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
|---|---|---|---|
| Уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година | Донесена Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година на седница на Владата на РСМ одржана на 27.6.2023 година | Согласно последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност коишто им се распределуваат на општините се утврдуваат на ниво од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Притоа овие средства се распределуваат во три дела, и тоа: основен фонд – 4, 5%, дел за перформанси - 0, 75% и дел за изедначување - 0,75% | Уредбата е донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија |
| Предлог-закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (нов) | Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Извештај за оценка за спроведувањето на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Анализа на постојното законско решение во насока на усогласување со новиот Закон за буџети и други закони | Активноста продолжува во 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предлог-закон за управување со општински долгови | Закон за управување со општински долгови | Со подршка на УСАИД направена е компаративна анализа со искуства од неколку земји. Подготвен Нацрт-закон за управување со општински долгови | Активноста продолжува во 2024 година |
| Создавање услови за оспособување на преостаната општина да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | Општини кои исполнуваат услови за финансиска нестабилност | Доставена информација до ВРСМ дека Општина Пласница не известила дека ги исполнува условите за влез во втората фаза на фискална децентрализација | Активноста се спроведува во континуитет |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | Предлог-закон со измени и дополнување на Законот за даноците на имот | Согласно Предлог-измените на Законот за даноците на имот се предлага:<br>- подобрување на фискалниот капацитет и зголемување на приходите на општините<br>- подобрување на законското решение, зголемување на сопствените проходи на општините<br>Со подршка на УСАИД и кординативната група, Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика во изминатиот период работеше на решение со цел подобрување на системското решение за утврдување и наплата на даноците на имот, а со тоа и зголемување на сопствените приходи на општините | Предлог-текстот за изменување на Законот е подготвен во текот на 2023 година, постапката за неговото донесување продолжува во 2024 година |
| Подзаконски акти за даноците на имот | Подзаконски акти за даноците на имот | | Активноста продолжува во 2024 година |
| Формирана Агенција за регионален и локален развој | Формирање Агенција за локален и регионален развој | Владата ја донесе Информацијата со можни сценарија, а во наредниот период работната група на владино ниво (МФ со свој член) ќе продолжи со подготовка на законски решенија за формирање Агенција за локален и регионален развој | Активноста продолжува во 2024 година |
| Спроведување инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор | Зголемување на финансиската дисциплина на општините и намалување на долговите преку спроведени финансиски инспекции кај субјекти од јавен сектор на локално ниво | | Активноста се спроведува во континуитет. Во 2023 година, согласно законските надлежности утврдени во Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), постапено е по 309 поднесени пријави за финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор на локално ниво |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | Реализацијата на оваа активност беше преместена за декември 2023 година, а по насоките на министерот се пролонгира за наредната 2024 година | | Активноста треба да продолжи и во 2024 година |

| **2.1.2.5 Потпрограма: Ефективни инструменти согласно планот за забрзан економски раст** | **Цел на програмата/потпрограмата:** Финансирање на закрепнувањето на економијата погодена од кризата предизвикана од КОВИД-19 и поддршка за забрзан и одржлив раст Обезбедување поддршка на приватниот сектор преку ставање во функција на инструменти и механизми и создавање можности за мобилизирање на приватните инвестиции | | **Одговорен:** – Сектор за финансиски систем – Државен советник за прашања од финансискиот систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Фондови во различни институции - Реализација на инструментите расположливи со воспоставениот Гарантен фонд | Реализација на инструменти | | Континуирано |
| Фондови во различни институции - Реализација на инструментите расположливи со воспоставениот Фонд за развој | Реализација на инструменти | | Континуирано |
| Фондови во различни институции - воспоставување Фонд за енергетска ефикасност | Реализација на инструменти | | Воспоставувањето на Фондот е во финална фаза. Во соработка со РБСМ подготвени се договорите за воспоставување посебна организациона единица – Фонд за енергетска ефиксаност во рамките на РБСМ |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Справување со последиците од светската пандемија предизвикана од коронавирусот и други кризи<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата<br>– Фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси<br>– Реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и на фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии<br>– Воведување на буџетското финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност) | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.3 Програма: Буџет, трезор и јавен долг** | **Цел на програмата:**<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст.<br>Постигнувањето на оваа цел ќе значи подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за трезор<br>– Сектор за управување со јавен долг |
| **2.1.3.1 Потпрограма: Буџети и фондови** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Спроведување реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, рационално и наменско користење на буџетските средства | **Одговорен:**<br>– Сектор за буџети и фондови |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| Фискална стратегија на среден рок 2024 – 2028 година | Фискална стратегија на среден рок 2024 – 2028 година | Усвоена Фискална стратегија на Владата на РСМ, а во неа се дадени среднорочни фискални проекции со кои се опфатени повеќе аспекти: макроекономски показатели, Буџет на РСМ, јавен долг, ризици, транспарентност и унапредување на јавните финансии | Фискалната стратегија е дополнително ревидирана, согласно последните проекции и економски остварувања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година | Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година | Собранието го усвои Буџетот на РСМ, а потоа беше објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 283/2023 од 28.12.2023 година, а во него се соодветно планирани приходите и расходите за сите буџетски корисници, со планиран дефицит од 3,4% | |
| Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Донесен Закон за извршување, во кој се регулира користењето на буџетските средства | Се донесува истовремено со донесувањето на Буџетот на РСМ |
| Завршна сметка на Буџетот за претходната година | Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година се искажуваат планираните и реализираните приходи и расходи, со образложение за отстапувањата | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 272/2023 од 20.12.2023 година |
| Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Собранието ја донесе одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, со која се ревидирани првичните проекции на приходите и расходите | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 207/2023 од 3.10.2023 година |
| Буџетски циркулар за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на буџетските корисници | Буџетски циркулар за наредната година | Дадени инструкции за начинот на подготовка на предлог буџетските барања | Подготвен и доставен буџетски циркулар до буџетските корисници во законски утврдениот рок |
| Измени и дополнувања на Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2023 година | Измени и дополнувања на Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2023 година | Прецизно регулирање на извршувањето на средствата на одделни расходни позиции по сметки, програми и ставки | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 207/2023 од 3.10.2023 година |
| Измени и дополнувања на Законот за буџетите | Измени и дополнувања на Законот за буџети | Се преземаат активности во насока на дополнително регулирање на постапката за вработување кај јавните субјекти | Измените и дополнувањата на Законот за буџети се во собраниска процедура |
| Подзаконски акти што произлегуваат од Законот за буџети | | | Активноста продолжува во 2024 година |
| Унапредување на среднорочната и етапна фискална консолидација | Унапредување на среднорочната и етапна фискална консолидација | Унапреден процес преку е-циркулар за доставување буџетски барања, зголемена транспарентност и воспоставено основно сценарио и нови иницијативи | Владата на Република Северна Македонија на 189-та седница одржана на 3.10.2023 година го усвои Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Собранието ја донесе Одлуката за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, со која се ревидирани проекциите на приходите и расходите | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 264/2023 од 13.12.2023 година |
| Пријавување и евиденција на обврски | Пријавување и евиденција на обврски | Следење и известување за обврските на јавните субјекти преку нивно објавување | Сите буџетски корисници секој месец од 1-ви до 10-ти во месецот пријавуваат обврски на електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО) |
| Учество во работни групи во НППА и следење на Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна унија и учество во скрининг како дел од преговорите за членство во ЕУ | Учество во работни групи во НППА и следење на Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна унија | Редовно исполнување на обврските за скрининг | |
| Внес на барања на буџетските корисници за прераспределба на средства во рамки на одобрените буџети (пренамени) и барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи (проширувања) во системот e-budget | Одобрени барања на буџетските корисници во системот e-budget | Континуиран процес | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |
| Обезбедување мислења по законски и подзаконски акти, по информации и извештаи по програми, одлуки и други материјали доставени од Владата и други институции во надлежност на секторот поврзани со Буџетот и буџетската политика | Навремено подготвени мислења за материјалите во надлежност на секторот поврзани со Буџетот и буџетската политика | Континуиран процес | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |
| Давање известување по однос на барањата за обезбедени финансиски средства за вработување кај буџетските корисници и единките корисници, јавните претпријатија основани од Централната власт, агенции, јавно-правни субјекти и трговски друштва основани од РСМ | Издадени известувања во однос на обезбедените финансиски средства за вработување кај буџетските корисници и единките корисници, јавните претпријатија основани од Централната власт, агенции, јавно-правни субјекти и трговски друштва основани од РСМ | Издадени известувања до Кабинетот во однос на обезбедените финансиски средства | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |
| Следење на финансиското работење на јавните претпријатија и трговските друштва основани од РСМ и објавување на консолидирани податоци на веб-страницата на МФ | Издадени мислења во однос на годишни сметки, годишни извештаи, тримесечни извештаи, финансиски планови и програми на јавните претпријатија и трговските друштва основани од РСМ | Континуиран процес | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење и контролирање на исплатата на платите на буџетските корисници и единките корисници | Навремена проверка и контрола на барањата за исплата на платите на буџетските корисници и единките корисници | Континуиран процес | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |
| Следење на финансиското работење на единиците на локалната самоуправа и објавување на податоците за извршувањето на приходите и расходите | Податоците за реализираните приходи и расходи на општините се објавени на веб-страницата на Министерството | Континуиран процес | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |
| Следење на условите за исполнување финансиска нестабилност на општините | Општини кои исполнуваат услови за финансиска нестабилност | Континуиран процес | Активноста се спроведува во континуитет, а не е предвидена со Годишниот план за работа на МФ |
| Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година | На 27.6.2023 година на седница на Владата беше донесена Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година | Согласно последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност коишто им се распределуваат на општините се утврдуваат на ниво од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Притоа, овие средства се распределуваат во три дела, и тоа: основен фонд – 4, 5%, дел за перформанси - 0, 75% и дел за изедначување - 0,75%. | Владата на Репубика Северна Македонија ја донесе Уредбата, а на 30.6.2023 година беше објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 139 |
| Предлог-закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (нов) | Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Извештај за оценката од спроведувањето на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Анализа на постојното законско решение во насока за усогласување со новиот Закон за буџети и други закони | Активноста продолжува во 2024 година |
| Подзаконски акти што произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Донесени подзаконски акти | | Активноста продолжува во 2024 година |
| Предлог-закон за управување со општински долгови | Закон за управување со општински долгови | Со поддршка на УСАИД беше направена компаративна анализа со искуства од неколку земји, а потоа подготвен Нацрт-закон за управување со општински долгови | Активноста продолжува во 2024 година |
| Создавање услови за оспособување на преостанатата општина да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | Во текот на 2023 година добиено е известување дека општина Пласница ги исполнува усовите за влез во втората фаза на фискална децентрализација. За ова МФ достави Информација до Владата на РСМ | Поради неисполнувањето на условите втората фаза на фискалната децентрализација не е завршена, односно не е завршено пренесувањето надлежности од централно на локално ниво | Активноста продолжува во 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Буџетски циркулар за општините за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локалната самоуправа | Буџетскиот циркулар и дополнувањето на буџетскиот циркулар со проекции на блок и наменските дотации за 2024 година се доставени во законскиот рок до 30 септември | Активноста се спроведува во роковите утврдени во Законот | Со доставувањето на буџетсиот циркулар до општините им се овозмжува точно да ги подготвуваат своите буџети за наредната година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.3.2 Потпрограма: Трезор** | **Цел на потпрограмата:**<br>Реформи во јавните финансии, зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините, планирање на ликвидноста и транспарентно известување | | **Одговорен:**<br>– Сектор за трезор |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Годишен извештај за користењето на средствата од резервите на централниот буџет за претходната година | Изготвен и доставен Годишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за претходната година | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Годишниот извештај е усвоен од страна на Владата на РСМ |
| Полугодишен извештај за користењето на средствата од резервите на централниот буџет за тековната година | Изготвен и доставен Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за тековната година | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Полугодишниот извештај е усвоен од страна на ГК на Владата на РСМ |
| Обезбедување внес на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС, на начин како што се објавени, односно усвоени (вклучувајќи ги и нивните измени) | Вчитани буџети и измени на буџетите | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени согласно планираното |
| Извршување на буџетите на буџетските корисници на централниот буџет и на буџетите на ЕЛС | Внес и одобрување на квартални и месечни финансиски планови за трошење од буџетските корисници<br>Внес и прием на барања за плаќања на буџетските корисници и нивно извршување<br>Преземање на сите тековни активности поврзани со извршувањето на Буџетот на РСМ и на буџетите на општините (одобрување пријавени преземени обврски и сл.) | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на дневна основа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Извршување налози за извршување доставени од НБРСМ по основ на извршни исправи (судски пресуди) и доброволни исплати по основ на правосилни судски пресуди доставени од страна на ДПРСМ | Евидентирање и извршување налози за извршување по основ на извршни исправи и обрасци за доброволна исплата доставени од ДПРСМ | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на дневна основа |
| Одржување сметки во рамки на трезорската сметка за непречено функционирање на платниот промет и нивно евидентирање во ТРИС | Отворени, извршени промени и затворени сметки на буџетските корисници<br>Пријавени и одјавени сметки во КИБС<br>Ажурирани приходни шифри во ТРИС | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на редовна основа |
| Одржување на системот на уплатни сметки за јавни приходи заради навремена и правилна евиденција на наплатата на јавните приходи и распределба на јавните приходи на Буџетот на РСМ, буџетите на ЕЛС, односно на корисниците на јавните приходи, согласно закон | Ажурирани уплатни сметки<br>Отворање/затворање на уплатните сметки по барање на надлежни органи<br>Ажурирани критериуми за распределба на средства од уплатните сметки согласно законските прописи<br>Ажурирано Упатството за начинот на евидентирање и распоредување, поврат и пренасочување на јавните приходи, согласно динамика на промени во уплатните сметки<br>Исправки на грешки при уплата на јавни приходи со изготвени решенија за поврат/пренасочување | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на редовна основа |
| Известување за остварените приходи и реализирани расходи и следење на ликвидноста на буџетската и трезорската сметка со подготовка на проекции за ликвидност | Изготвени месечни извештаи за извршување на Буџетот на РСМ (фискални табели) и објавени на веб-страницата на Министерството за финансии<br>Изготвени податоци за потребите на МФ, Владата на РСМ и други релевантни институции<br>Изготвени проекции за ликвидност на БС и ЕТС во соработка и комуникација со други надлежни институции | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на дневна основа |
| Сметководствено евидентирање на остварените приходи и на реализираните расходи на централниот буџет согласно организациската и економската класификација | Евидентирани дневни промени за реализација на Буџетот<br>Подготовка на Завршна сметка на Буџетот на РСМ и доставување до Централен регистар<br>Прекнижувања на ставки и програми по прием на податоци за прекнижување или по барање на буџетските корисници | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на редовна основа и согласно планираното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Прекнижени ставки и програми по прием на податоци за прекнижување или по барање на буџетските корисници | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.1.3.3 Потпрограма: Управување со јавен долг** | **Цел на потпрограмата:**<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст со одржување на нивото на јавниот долг | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со јавен долг |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изработка на извештаи за следење на состојбата на државниот и јавниот долг | Месечни и квартални извештаи за следење на состојбата на државниот и јавниот долг | Навремени информации за следење на состојбата на државниот и јавниот долг на месечна и квартална основа | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Изработка на месечен план на обврските по основ на долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на РСМ | Континуирана изработка на месечен план на обврските по основ на долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на РСМ | Навремени информации во тековниот месец за обврските по основ на долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на РСМ, а доспеваат за плаќање во наредниот месец | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Сервисирање на обврските од долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Редовно и навремено сервисирање на обврските од долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Нема доспеани неплатени обврски по основ на долгот на државата којшто се сервисира од Буџетот на РСМ | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Известување на носителите на долгот на државата за обврските коишто доспеваат во тековниот период | Известување на носителите на долгот на државата во тековниот месец за обврските по долгот што доспеваат наредниот месец | Навремено известување на носителите на долгот на државата за обврските што доспеваат во тековниот период | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Континуирано издавање државни хартии од вредност | Издавање државни хартии од вредност | Континуирано издавање државни хартии од вредност согласно Календарот за издавање државни хартии од вредност | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година | Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година | До крајот на 2023 година Владата на РСМ донесе Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Следење и координација на активности за обезбедување кредитен рејтинг на Република Северна Македонија | Обезбедување оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија | Обезбедени оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Давање мислења по основ на барања за задолжување и/или издавање државни гаранции на носителите на јавниот долг | Изразување мислења по основ на поднесени барања за задолжување и/или издавање државни гаранции на носителите на јавниот долг | Навремено подготвени мислења по основ на поднесени барања за задолжување и/или издавање државни гаранции на носителите на јавниот долг | Активноста е планирана со Годишниот план за 2023 година и реализирана |
| Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024 - 2026 (со изгледи до 2028 година) | Со Стратегијата за управување со јавниот долг, согласно Законот за јавен долг, се утврдува висината на јавниот долг на среден рок, максималниот износ на нето-задолжување во првата година за која се однесува Стратегијата, максималниот износ на новоиздадени државни гаранции во првата година за која се однесува Стратегијата и структурата на државниот долг | Податоците за лимитите за повлекувања заеми по проекти што влијаат врз буџетски дефицит се добиваат од Секторот за меѓународни финансиски односи, податоците за нивото на дефицитот од Секторот за буџети и фондови и за бруто-домашниот производ (БДП ) од Секторот за макроекономија | Извештајот е усвоен од страна на Владата на РСМ во јуни 2023 година, а е објавен во веб-страницата на МФ |
| Годишен извештај за управување со јавниот долг за 2022 година | Со помош на Годишниот план се врши поблиско и на редовна основа информирање на Владата и Собранието на Република Северна Македонија и запознавање на јавноста со карактеристиките на должничкото портфолио на Република Северна Македонија, како и со преземенитемерки за негово ефикасно управување во текот на минатата година | Податоците за надворешниот јавен долг се обезбедуваат од НБРСМ, а за бруто-домашниот производ (БДП ) од Секторот за макроекономија | Извештајот е усвоен од страна на Владата на РСМ во јуни 2023 година и објавен во веб-страницата на МФ |
| Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за периодот 2024 - 2026 (со изгледи до 2028 година) | Со Ревидираната стратегија за управување со јавниот долг, согласно Законот за јавен долг, се утврдува висината на јавниот долг на среден рок, максималниот износ на нето-задолжување во првата година за која се однесува Стратегијата, максималниот износ на новоиздадените државни гаранции во првата година за која се однесува Стратегијата и структурата на државниот долг | Податоците за лимитите за повлекувања заеми по проекти што влијаат врз буџетскиот дефицит се добиваат од Секторот за меѓународни финансиски односи, податоците за нивото на дефицитот од Секторот за буџети и фондови и за бруто-домашен производ (БДП ) од Секторот за макроекономија | Извештајот е усвоен од страна на Владата на РСМ во декември 2023 година и објавен на веб-страницата на МФ |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.4 ПРОГРАМА: ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Справување со последиците од светската пандемија предизвикана од коронавирусот и други кризи<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата<br>– Фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти<br>– Одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси<br>– Предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи<br>– Реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии<br>– Воведување на буџетското финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност) | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.4 Програма: Даночна и царинска политика** | **Цел на програмата:**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на даночниот и царинскиот систем, како и на системот поврзан со оданочување со акциза и оданочување со данок на моторни возила со законодавството на ЕУ, изменување на даночната и царинската регулатива и на регулативата од областа на акцизите и оданочувањето на моторните возила согласно приоритетите на Владата на РСМ и создавање услови за ефикасно функционирање на даночните и царинските постапки, како и подобра и поефикасна имплементација на прописите од областа на акцизите и оданочувањето со данок на моторни возила. Воедно, целта на програмата е да обезбеди праведен, ефикасен, транспарентен и достапен даночен систем кој ќе се темели на современи дигитални технологии во функција на постигнување забрзан, инклузивен и одржлив економски раст и усогласување на домашното законодавство со европските директиви | **Одговорен:**<br>– Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| **2.1.4.1 Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Постојана надградба и усогласување на регулативата на системот поврзан со оданочување со акциза и оданочување со данок на моторни возила со законодавството на ЕУ, изменување на регулативата од областа на акцизите и оданочувањето на моторните возила согласно приоритетите на Владата на РСМ и создавање услови за подобра и поефикасна имплементација на прописите од областа на акцизите и оданочувањето со данок на моторни возила | **Одговорен:**<br>– Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка | Владата на РСМ го разгледа и утврди Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка, на 1.2.2023 година | Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка, беше разгледан и утврден на 122-та седница на Владата на РСМ, одржана на 1.2.2023 година | Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви се овозможува оризот да биде опфатен како производ од исклучително значење за населението во РСМ и се создаваат услови за негово чување како стоковна резерва во вид на оризова арпа |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите (*) | Собранието го усвои Предлог-законот на 3.10.2023 година | Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 209/23 од 5.10.2023 година | Со Предлог-законот се предлага да се изврши усогласување со Директивата (ЕУ) 2011/64 на Советот од 21 јуни 2011 година за структурата и износот на акцизата за тутунски производи преку воведување нов акцизен календар за периодот 2024 - 2030 година со кој се достигнува минималниот износ на акцизата на цигарите пропишан со Директивата<br>Воедно, беше предложено и доуредување на одредени законски одредби од Законот како и соодветни измени и дополнување на Законот во насока на негово подобрување и прецизирање |
| Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила | Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила на 193-та седница на Владата на РСМ, одржана на 17.10.2023 година | Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 220/23 од 19.10.2023 година | Со измените на Уредбата, за целите на пресметка на еколошката компонента од данокот на моторни возила, покрај постојната метода NEDC (New European Driving Cycle) за мерење на количината на издувни гасови кај моторните возила во лабараториски услови, се овозможува примена и на новата метода WLTP (Worldwide Harmonised Light Vehicle Test Procedure), којашто се базира на количината на издувни гасови кај моторните возила мерени во реална околина. Примената на методата WLTP е во насока на исполнување на дел од мерките за заштита на животната средина и заложбите за воведување „зелено оданочување“ како дел од даночната стратегија на РСМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во работни групи во НПАА и подготовка и учество во билатералниот скрининг за Поглавјето 16 - Оданочување | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Предлог за изменување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021 - 2025 година | Нема законски основ за нејзино изменување, имајќи предвид дека основот е пропишан во Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, кој сè уште не е донесен (ВРСМ го усвои на 1 февруари 2023 година), односно Законот е во собраниска процедура | | Рокот за нејзино донесување е продолжен за 2024 година, согласно Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2024 година |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви | Со оглед на неопходноста да се извршат понатамошни значителни измени на Законот за задолжителни нафтени резерви, за кои поради недостиг на информации не можеше да се направи правилна и соодветна процена за обемот и видот на потребните измени и/или дополнувања, не постоеше можност да се запази предвидениот рок (октомври 2023 година), ниту да се предложи друг конкретен рок за реализација | | Рокот не се пролонгира, односно не беше предложена измена и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, согласно Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.1.4.2 Потпрограма: Даночна политика** | **Цел на потпрограмата:** Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на даночниот систем со законодавството на ЕУ, изменување на даночната регулатива согласно приоритетите на Владата на РСМ и создавање услови за ефикасно функционирање на даночните постапки | | **Одговорен:** – Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| Подготовка на внатрешни постапки за работа на НАО/УС | Официјално усвојување на внатрешните постапки за работа на НАО/УС | Внатрешните постапки за работа на НАО/УС за управување со Годишната акциска програма за ИПА 3 за 2022 година се изготвени и одобрени<br>Внатрешните постапки за работа на НАО/УС за управување со Програмата ИПАРД 3 се изготвени и одобрени | |
| Изготвување Извештај за самопроцена (Self Assessment Report) и доставување барање за акредитација до ЕК | Изготвен Извештај за самопроцена (Self Assessment Report) и доставено барање за акредитација до ЕК | Самопроцената за акредитирање е спроведена<br>Позитивниот извештај од надворешната ревизија е доставен до НАО на 16.3.2023 година. Барањето за добивање право за индиректно управување со Годишната акциска програма за 2022 година е доставено на 16.3.2023 година.<br>Акредитацијата се очекува да заврши во 3/4 квартал од 2023 година | |
| Акредитација/доделување право за индиректен систем за управување со Програмата ИПАРД 3 2021 - 2027 година | Акредитирана Програма ИПАРД 3 2021 - 2027 година | Поднесено е барање за добивање право за индиректно управување на Програмата ИПАРД 3 2021 - 2027 година, а на 28.7.2023 година пристигна повратен позитивен одговор од страна на ГД Агри Финансиската спогодба за Програмата ИПАРД 3 е потпишана на 31.10.2023 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за консолидираните акциски планови по програмите за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2022 година издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош - ИПА | Оваа информација придонесува за ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување и контрола | Владата ја разгледа информацијата и ги усвои заклучоците на 189-та седница на ВРСМ на 3.10.2023 година | Информацијата не беше предвидена во Годишниот план за 2023 година |
| Информација за резултатите од завршената истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007 – 2013 година | Оваа информација произлегува од завршената истрага на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) и придонесува за ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување и контрола | Информацијата е усвоена од страна на Владата на 11.7.2023 година<br>На 17.7.2023 година Министерството за финансии изврши исплата на средствата спрема Европската комисија преку Народната банка на Република Северна Македонија | Информацијата не беше предвидена во Годишниот план за 2023 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Подготовка на Информација за статусот на имплементација на Програмата ИПАРД 2и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2023 година | ЕК даде одобрение за продолжување на рокот за имплементација на Програмата ИПАРД 2 со што е надминат ризикот од неискористување на средствата до крајот на 2023 година. Со тоа се надминува потребата од изготвување Информација до Влада | Ризикот од неискористување на средствата од ИПА за 2023 година е надминат | Потребата за изготвување  Информација до Владата е надмината |
| Акредитација/доделување право за индиректно управување со нови програми во рамки на ИПА 3 | Изготвен е Извештај од самопроцена за акредитирање на структурите за имплементација на Секторската оперативна програма во делот животната средина за Република Северна Македонија (2024 – 2027 година), а на 1.82023 година доставено е барање за добивање право за индиректно управување<br>Во подготовка е Извештај од самопроцена за акредитирање на Секторската оперативна програма во делот транспорт 2024 – 2027 година. Барањето за надворешна ревизија беше доставена до РТ за ИПА на 24.10.2023 година<br>Во подготовка е Извештај од самопроцена за акредитирање на Секторската оперативна | Нема влијание | Процесот на акредитација ќе продолжи и во текот на 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | програма во делот работни места и можности 2024 – 2027 година<br>Акредитацијата се очекува да заврши во вториот квартал од 2024 година | | |
| Подготовка на Информација за процесот на воспоставување систем за управување со помошта ИПА 3 во РСМ | Поради доцнење на пакет-процедурите од институциите вклучени во ИПА 3 и процесот на акредитација, оваа информација не беше подготвена за 2023 година | Нема влијание | Процесот на воспоставување систем за управување со помошта ИПА 3 во РСМ ќе се следи во рамки на активноста Акредитација/доделување право за индиректно управување со нови програми во рамки на ИПА 3 |
| Воспоставување долгорочно решение за задржување на кадарот одговорен за имплементација на ИПА<br><br>Давање поддршка на СЕП во процесот на подготовка на политиката на мотивација | Националниот координатор за авторизација и Секторот за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА даваат придонес секогаш кога се јавува потреба за тоа во процесот на креирање долгорочно одржливо решение за политиката за задржување и мотивација на кадарот за имплементација на ИПА, што е во надлежност на СЕП<br><br>Формирана е работна група од страна на СЕП со решение бр. 11-228/25 од 16.8.2023 година, при што МФ номинираше членови кои даваат активен придонес во процесот<br><br>На 6.9.2023 година се одржа состанок на работната група | Задржување на квалитетниот и обучен кадар во структурата за ИПА<br><br>Министерството за финансии имплементира во Законот за извршување на Буџет за 2023 година времено решение на политика за задржување на кадарот за имплементација на ИПА | Процесот ќе продолжи и во текот на 2024 година |

| **2.1.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)** | **Цел на потпрограмата:**<br>Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | **Одговорен:**<br>– Сектор за Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување на одредбите од Рамковната спогодба помеѓу РСМ и Европската комисија, како и релевантното право на ЕУ | Издадено неквалификувано ревизорско мислење | Спроведувањето на одредбите од Рамковната спогодба се врши континуирано со цел непречена работа на оперативната структура на патот кон нејзиното приближување и преземање на правото на ЕУ<br>Во 2023 година беа издадени годишни неквалификувани ревизорски мислења, кои се имплементираат на децентрализиран/индиректен начин, од страна на Ревизорското тело за ИПА за програмите ИПА II и ИПА III | Недоволен број и голема флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик во исполнувањето на мерката и резултатот<br><br>Спроведување на политиката за мотивација/задржување на персоналот во единиците на ИПА |
| Редовно известување и консултации со Владата на Република Северна Македонија, Европската комисија и Делегацијата на Европската Унија и спроведување на препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Надминување на препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Активностите се спроведуваат континуирано, а се известува на квартално ниво<br>Извештаите се подготвуваат на квартално ниво со цел да се надминат слабостите и ревизорските наоди идентификувани во извештаите<br>Во текот на 2023 година, ЦФСД ги спроведуваше препораките од наодите од системската ревизија, поврзани главно со капацитетот на човечки ресурси и Прирачниците за работните процеси | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Навремена подготовка на тендерската документација со висок квалитет која ќе ги исполнува критериумите за тендерски постапки на ЕК, пред таа да биде доставена до Делегација на Европската Унија на екс-анте (ex-ante) контрола | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи коишто се предмет на екс-анте (ex-ante) контрола за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година | Покрај документот кој се подготвува врз основа на анализите направени на годишно ниво, овој процес се спроведува и следи континуирано од страна на ЦФСД.<br>За спроведување на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства.<br>Согласно квантитативните податоци за стапката за суспендирање и одбивање на документите, може да се заклучи дека стапката на одбиени документи за 2023 година е 12,47%. Таа е намалена за 7,29% во однос на стапката на одбиени документи во 2022 година. | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации сѐ со цел намалување на стапката на одбиени документи |
| Подготовка и доследно почитување на препораките произлезени од научените лекции и добрата практика согласно добиените коментари од ДЕУ при одбивање/одобрување на тендерската документација доставена на екс-анте (ex-ante) контрола | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи коишто се предмет на екс-анте контрола за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година | Покрај документот кој произлегува врз основа на анализите направени на годишно ниво, овој процес се спроведува и следи континуирано од страна на ЦФСД.<br>За спроведување на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства.<br>Согласно квантитативните податоци за стапката за суспендирање и одбивање на документите, може да се заклучи дека стапката на суспендирани документи за 2023 година е 24,93%. Таа е намалена за 0,92% во однос на стапката на суспендирани документи во 2022 година | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации сѐ со цел намалување на стапката на одбиени документи |
| Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата согласно утврдената динамика и следење на имплементацијата на проектите за кои се склучени договори во рамки на програмите од ИПА 2 | - Стапката на исполнување на плановите за јавни набавки е над 70%<br>- Стапката на исполнување на плановите за исплати е над 70% | Оваа активност се спроведува континуирано преку месечно следење на исполнувањето на плановите за набавки и исплати<br>Во 2023 година, процентот на реализирани исплати во однос на планираните изнесува 38,39%. Причината за помалата реализација на исплати во однос на планираните е непочитувањето на роковите и доцнењето при доставувањето на тендерска документација од страна на институциите корисници што доведува и до доцнење во спроведувањето на тендерските постапки согласно усвоениот План за јавни набавки врз основа на кој се изработува и Планот за исплати | Недоволен број и голема флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик во исполнувањето на мерката и резултатот.<br>Непочитување на дадените рокови во плановите и доставената неквалитетна тендерска документација од страна на институциите корисници е уште еден фактор на ризик во навременото спроведување на плановите за набавки |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.6.3 Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција** | **Цел на потпрограмата:**<br>Координација на активностите поврзани со исполнување на обврските за Министерството за финансии што произлегуваат од процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија: програмирање, спроведување и следење на инструментите за претпристапна помош - ИПА; копретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи; спроведување реформи во управувањето со јавните финансии, координација на спроведувањето на проектите од ИПА во областа управување со јавни финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Координација на активностите поврзани со управувањето на проектите во секторот управување со јавни финансии, финансирани преку ИПА 2 и ИПА 3 | Координација на спроведувањето на проектите во областа управувањето со јавни финансии финансирани преку ИПА | Подготовка на годишен извештај за спроведување на ИПА II.<br>Учество на вработените од Одделението за ИПА и НПАА во:<br>- управните комитети за следење на степенот на реализација на твининг-проектите на Министерството за финансии од ИПА 2018 за потсекторот управување со јавни финансии<br>- Управниот комитет на програмата на ИПА<br>- ЕУ за млади<br>- состаноци на секторските и заедничките мониторинг комитети за ИПА<br>На 24 февруари 2023 година се одржа технички состанок на СРГ за управување со јавни финансии за користење на механизмот Грант за олеснување на интеграцијата во ЕУ (EU Integration Facility) во рамки на ИПА за финансирање нови | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | проекти во областа на управувањето со јавните финансии | |
| Подготовка на извештај за исполнување на условите за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка и барање за повлекување средства | - Подготвен и доставен до ДЕУ извештај за исполнување на условите за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка<br>- Подготвено и доставено до ДЕУ барање за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка | Реализирано во 2023 година:<br>- На 9.2.2023 година до ДЕУ е доставено барање за повлекување на првата транша по Договорот за  енергетска поддршка на Западен Балкан „Пакет за енергетска поддршка на Западен Балкан во корист на Република Северна Македонија за 2023 година од Инструментот за претпристапна помош - ИПА III", кој се финансира од ИПА 2023<br>- На 30.5.2023 година до ДЕУ е доставено барање за повлекување на четвртата фиксна транша и третата варијабилна транша по Договорот за ЕУ за млади, кој се финансира од ИПА 2019 | |
| Обезбедување стручно-административна поддршка во функционирањето на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии | Број на одржани состаноци на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии | Оваа активност се спроведува во континуитет<br>Во 2023 година се одржаа два состанока на СРГ за управување со јавни финансии (на 28.4.2023 година и на 21.9.2023 година) | |
| Координација на подготовката, следењето и известувањето за реализацијата на годишните акциски планови за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии | Подготвени полугодишни/годишни извештаи за следење на реализацијата на Програмата | Оваа активност се спроведува во континуитет.<br>Подготвени и усвоени документи од страна на Владата:<br>- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2022 година<br>- Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – јуни 2023 година | |
| Координација на процесот на ревидирање на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии | Подготвена Нацрт-програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2024 - 2027 година, акциски планови и извештаи за следење на реализацијата на Програмата | Реализирано во 2023 година:<br>- координирани и спроведени две експертски мисии со СИГМА/ОЕЦД  во октомври и ноември 2023 година со цел ревидирање на Програмата за УЈФ 2022 - | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2025 година и нејзино продолжување на уште две дополнителни години. Програмата за УЈФ ќе го опфаќа периодот 2024 - 2027 година. Во тек е финализирање на Нацрт-програмата за УЈФ за 2024 – 2027 година согласно препораките на експертите | |
| Координација на МФ за навремено исполнување на неговите обврски, за подготовка на документите поврзани со процесот на европска интеграција (НПАА, придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови, мислења и др.) | Подготвени документи | Оваа активност се спроведува во континуитет.<br>Следните документи се подготвени и испратени до СЕП:<br>- придонес на МФ кон Годишниот извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2022 – март 2023 година<br>- ажуриран придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија 2023 година, за остварениот напредок во процесот на приближување кон ЕУ за периодот од 1 април до 15 јуни 2023 година | |
| Предлог-акциски план за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година | Подготвен Акциски план за 2023 година | Реализирано. Акцискиот план за 2023 година е подготвен и усвоен од страна на Владата на 18.7.2023 година | |
| Годишен извештај за напредокот во реализацијата на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии | Подготвен Годишен извештај за УЈФ за 2022 година | **Реализирано.** Годишниот извештај за УЈФ за 2022 година е подготвен и усвоен од страна на Владата на 18.7.2023 година | |
| Полугодишен извештај за напредокот во реализацијата на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - јуни 2023 година | Подготвен Полугодишен извештај за УЈФ за периодот јануари - јуни 2023 година | **Реализирано.** Полугодишниот извештај за УЈФ за периодот јануари - јуни 2023 година е подготвен и усвоен од страна на Владата на 31.10.2023 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка и реализација на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика | Претседавање со Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, којшто се одржа во Брисел на 4.10.2023 година | **Целосно реализирана активност.** Подготовката за Поткомитетот се одвиваше преку собирање пишан материјал, учество во Информацијата за подготовка на Поткомитетот, одржани два подготвителни состанока, утврдување на агендата за Поткомитетот. Поткомитетот беше реализиран на 4.10.2023 година, по што следуваше учество во Информацијата за одржаниот Поткомитет, утврдување конечен текст на Записникот, следење на пишаните одговори на прашања и реализација на заклучоците што произлегуваат од одржаниот Поткомитет | |
| Координација на Економско – финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | Министерскиот состанок Економско – финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција се одржа на 16.5.2023 година во Брисел | **Целосно реализирана активност.** Координацијата ги опфати следните активности: подготовка на оценските мисии на ЕЦБ (одржана на 21.2.2023) и на ЕК (одржана на 16 и 17.2.2022), споделување со сите вклучени институции и сектори од МФ на првиот предлог на Заеднички заклучоци на 13.4.2023 година како и секоја нова верзија по одржан технички состанок, учество на техничките состаноци организирани од страна на Советот на ЕУ за подобрување на текстот на Предлогот на заедничките заклучоци (Комитет за економски политики одржан на 26.4.2022 година, Економско-финансискиот комитет на замениците одржан на 25.4.2022 година и Економско-финансискиот комитет одржан на 04.5.2022 година), подготовка на министерот за министерскиот состанок одржан на 16.5.2022 година, подготовка на Информација до Влада со Предлог-акциски план за реализација на заедничките заклучоци и подготовка на глава 2 од ЕРП – извештај за спроведени активности со кои се реализирале препораките од заедничките заклучоци | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.6.4 Потпрограма: Меѓународни финансиски односи** | **Цел на потпрограмата:**<br>Соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции и координација со овие институции околу активностите потребни за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации | | **Одговорен:**<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на договори за гаранција | Текстот на Договорот за гаранција за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција е усогласен | Склучен Договор за гаранција за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција со Европската инвестициска банка | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| | Текстот на Договорот за гаранција за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ – Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани е усогласен | Склучен Договор за гаранција за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ – Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани со Кредитната банка за обнова – КФВ | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година |
| | Текстот на Договорот за гаранција за финансирање зелени и општествено одговорни инвестиции е усогласен | Склучен Договор за гаранција за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции со Француската агенција за развој | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| | Текстот на Договорот за гаранција за дополнително финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта е усогласен | По усвојување на Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта, којшто е во собраниска процедура и по негово објавување во „Службен весник", следува склучување на Договорот за гаранција со Меѓународната банка за обнова | Оваа активност не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, но сепак е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | и развој – Светска банка за дополнително финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта | |
| Подготовка на договори за заем | Текстот на Договорот за заем за макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија е усогласен | Склучен Договор за заем за макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија со Европската Унија | Иако оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, таа е реализирана |
| | Текстот на Договорот за заем заснован на политики за Северна Македонија е усогласен | Склучен Договор за заем со Кредитната банка за обнова (КфВ), за заемот заснован на политики за Северна Македонија | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но таа е реализирана |
| | Текстот на Договорот за заем за железничкиот Коридор 8 – фаза 3, делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија е усогласен | Склучен Договор за заем за железничкиот Коридор 8 – фаза 3, делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија со Европската банка за обнова и развој | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година, но таа е реализирана |
| | Текстот на Финансискиот договор за железничкиот Коридор 8 - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија е усогласен | Склучен Финансиски договор за обнова и развој за железничкиот Коридор 8 - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија со Европската инвестициска банка | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| | Текстот на Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин – Табановце е усогласен | Склучен Договор за заем за Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце со Европската банка за обнова и развој | Оваа активност не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, но сепак е реализирана |
| | Текстот на Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност е усогласен | Склучен Договор за заем за развојни политики за одржливост и отпорност со Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | Иако оваа активност не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, таа е реализирана |
| | Текстот на Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност е усогласен | Склучен е Договор за заем за Програмата за одржливост и отпорност со Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извознички на нафта | Иако не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, оваа активност е реализирана |
| | Текстот на Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги Е усогласен | Склучен е Договор за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги со Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | Иако не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, оваа активност е реализирана<br>Договорот за заем е склучен во јануари 2024 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ – Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи помеѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 39/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за гаранција со Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година и таа е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Финансискиот договор за железничкиот Коридор 8 - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 262/23 | Согласно Законот, склучен е Финансиски договор за железничкиот Коридор 8 - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија со Европската инвестициска банка | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година и таа е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој, по Договорот за заем за железничкиот Коридор 8 – фаза 3, делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 262/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за заем по Договорот за заем за железничкиот Коридор 8 – фаза 3, делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија со Европската банка за обнова и развој | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година и таа е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 262/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за заем за развојни политики за одржливост и отпорност со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка | Иако не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, оваа активност е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија, по Договор за заем за макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 266/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за заем по Договорот за заем за макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија со Европската Унија | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој, по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и е објавен во „Службен весник“ бр. 262/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за заем по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце со Европската банка за обнова и развој | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но таа е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање зелени и општествено одговорни инвестиции | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 262/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за гаранција за финансирање зелени и општествено одговорни инвестиции со Француската агенција за развој | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извозници на нафта, по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 266/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за заем за Програмата за одржливост и отпорност со Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извозници на нафта | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ), по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието и објавен во „Службен весник“ бр. 266/23 | Согласно Законот, склучен е Договор за заем со Кредитната банка за обнова (КфВ), за заем заснован на политики за Северна Македонија | Иако не е планирана со Годишниот план за 2023 година, оваа активност е реализирана |
| Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата, а сега е во собраниска процедура | По усвојувањето на Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта, којшто е во собраниска процедура, следува потпишување на Договорот за гаранција | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но таа е реализирана |
| Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и Собранието, а потоа објавен во „Службен весник“ бр. 269/23 | Согласно Законот, во јануари 2024 година беше склучен Договор за заем по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги со Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | Оваа активност не е планирана со Годишниот план на МФ за 2023 година, но таа е реализирана<br><br>Договорот за заем е склучен во јануари 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови | Заклучок од 166-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 11.7.2023 година<br>Информацијата беше доставена до Владата првично на 26.4.2023 година, меѓутоа не беше разгледана и усвоена подолго време. Подоцна беа добиени мислења од институциите и затоа податоците беа коригирани, а таа беше повторно доставена на 3.7.2023 година | Информацијата е со статус заклучно со 31.3.2023 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година и е делумно реализирана |
| | Заклучок од 193-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17.10.2023 година | Информацијата е со статус заклучно со 30.6.2023 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | |
| | Информацијата е подготвена и доставена до Владата на 5.12.2023 година, но сè уште не е усвоена | Информацијата е со статус заклучно со 30.9.2023 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | |
| Информација за потребата од обезбедување заем за развојни политики | Заклучок од 134-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 9.3.2023 година | Со Информацијата беше дадено известување за можноста за обезбедување заем за развојни политики, под исклучително поволни услови, од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка. По усвојувањето на Информацијата беше доставен допис до Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за спроведување мисија во март 2023 година | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Информација во врска со потребата од доставување Писмо за развојни политики до Светската банка | Заклучок од 198-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 7.11.2023 година | Информацијата се однесува на потребата од доставување Писмо за развојни политики до Светската банка со цел обезбедување заем за развојни политики | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Одлука за зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа | Заклучок од 156-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 23.05.2023 година.<br>(Одлуката е подготвена и доставена до Владата на 10.3.2023 година) | Со предвиденото зголемување на капиталот на Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ), Република Северна Македонија ќе го зголеми задолжителниот капиталот во ЦЕБ со запишување сертификати за учество во | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | вредност од 9.872.000 евра, од кои 2.787.853 евра задолжителен капитал (на четири еднакви годишни рати) и 7.084.147 евра неотповиклив капитал | |
| Информација за потребата од склучување Договор за грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, во врска со инвестицискиот грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии и Европската инвестициска банка | Заклучок од 138-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 21.3.2023 година | Информацијата се однесува на потребата од склучување Договор за грант со цел обезбедување инвестициски грант од ВБИФ во износ од 69.784.283 евра, за кофинансирање на изградбата на Пречистителната станица за отпадни води во Скопје | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Информација за потребата од обезбедување заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова – КФВ наменет за буџетска поддршка | Заклучок од 158-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 6.6.2023 година | Информацијата се однесува на потребата од обезбедување заем наменет за буџетска поддршка | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Информација од одржани разговори со мисијата на Светската банка во периодот од 28 до 31 март 2023 година за потребата од обезбедување заем за развојни политики | Заклучок од 158-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 6.6.2023 година | Со Информацијата беше дадено известување за резултатите од одржаните резговори со мисијата на Светската банка во периодот од 28 до 31 март 2023 година за потребата од обезбедување заем за развојни политики | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународното здружение за развој | Заклучок од 163-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 27.6.2023 година | Согласно Одлуката, Република Северна Македонија го зголемува придонесот во Меѓународното здружение за развој во износ од 2.000.000 УСД, кои треба да се уплатат согласно постапката и условите утврдени во Резолуцијата бр. 248 „Дополнување на ресурсите на ИДА: 20-то ИДА надополнување на средства“, со што по извршеното зголемување на придонесот Република Северна Македонија ќе има дополнителни 3.746 гласови за членство и 114 гласови за упис | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација во врска со подготовката и усогласувањето на документот Системска дијагностика на земјата, во соработка со Светската банка | Заклучок од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 04.7.2023 година | Согласно Информацијата, документот Систематска дијагностика на земјата е подготвен и презентиран на 18 јули 2023 година од страна на Светската банка на тематската седница во Владата на Република Северна Македонија | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана |
| Информација за Рамката за партнерство (Country Partnership Framework) на Република Северна Македонија со Групацијата на Светската банка за периодот 2024 – 2028 година | Заклучок од 184-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 12.9.2023 година | Информацијата се однесува на Рамката за партнерство со Групацијата на Светската банка за периодот 2024 – 2028 година, со предлог-проекти кои би се реализирале и финансирале со средства од заеми (по можност и со инвестициски грантови), со укажување дека предлог-проектите може да претрпат промени во зависност од тековните активности и приоритети на надлежните министерства | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана. |
| Информација за потребата од склучување Договор за грант помеѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје и Европската инвестициска банка за железничкиот Коридор 8 - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница помеѓу Северна Македонија и Бугарија | Заклучок од 204-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 6.12.2023 година | | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана. |
| Учество во Стратешкиот одбор на Инвестициската рамка за Западен Балкан | Учеството на Управниот комитет којштo се одржа во јуни и декември 2023 година придонесе за учество и следење на процесот на поднесување и одобрување на апликациите за техничка помош и инвестициските грантови за одделни проекти | Обезбеден е грант за следните проекти:<br>- Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (инветициски грант во износ од 2 милиона евра)<br>- Проект за зајакнување на преносната мрежа во Југоисточниот Регион (инвестициски грант во износ од 7,9 милиони евра)<br>- Проект за изградба на експресен пат А2, делница Крива Паланка – Длабочица - Страцин, Коридор 8 (инвестициски грант во износ од 13,5 милиони евра)<br>*ЕК повеќе посветува внимание на забрзување на имплементацијата на тековните проекти и одобрените грантови | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за четвртиот квартал од 2022 година | Оваа информација не беше подготвена во првиот квартал од 2023 година затоа што Информацијата за претходниот квартал беше усвоена на 15.2.2023 година, а податоците кои требаше да ги опфати Информацијата за четвртиот квартал се внесени во Информацијата за периодот заклучно со 31.3.2023 година | | |
| Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија кој ќе се склучи помеѓу Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | Законот за гаранција не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување до крајот на 2023 година. Преговорите и усогласувањето на договорите со ЦЕБ се затворени во јануари 2024 година, па следствено и Законот е подготвен и поднесен до Владата на разгледување и усвојување | | Оваа активност треба да се планира во Годишниот план на МФ за 2024 година |
| Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на интерконективен гасовод меѓу Р. Северна Македонија и Република Грција и изградба на магистрални гасоводи“, делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе - Велес, кој ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР | Законот за гаранција не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување до крајот на 2023 година. Преговорите и усогласувањето на договорите со ЕБОР се затворени во јануари 2024 година, па следствено и Законот е подготвен и поднесен до Владата на разгледување и усвојување | | Оваа активност треба да се планира во Годишниот план на МФ за 2024 година |
| Учество во Националниот инвестициски комитет | Оваа активност не е реализирана бидејќи не се одржа состанок на Националниот инвестициски комитет | | |

| 2.1.6.5 Потпрограма: Управување со јавни инвестиции | Цел на потпрограмата:<br>Фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти | | Одговорен:<br>– Сектор за управување со јавни инвестиции |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Воспоставување и екипирање на Секторот за управување со јавни инвестиции | Воспоставен и екипиран Сектор за управување со јавни инвестиции | Секторот за управување со јавни инвестиции е формиран и екипиран со 6 вработени од планираните 14 | Екипирањето треба да продолжи во текот на 2024 г. |
| Обука на вработените за процена на проекти и преглед на прединвестициони студии | Спроведени обуки за вработените | Започнати се обуки за вработените за преглед на физибилити студија во рамките на техничката помош обезбедена преку Светската банка | Обуките треба да се интензивираат во текот на 2024 г. |
| Развој на општа методологија за процена на проектот и утврдување на цените во сенка | Усвојување на уредба, прирачник и упатство за процена на проектот | Подготвена е Нацрт-уредба и следи усогласување со Секретаријатот за законодавство | Планирано е Нацрт-уредбата да биде доставена за усвојување до Владата во февруари 2024 г. |
| Воспоставување мониторинг заснован на ризик на централно ниво | Усвојување на уредба за управување со јавни инвестиции | Подготвена е Нацрт-уредба и следи усогласување со Секретаријатот за законодавство | Планирано е Нацрт-уредбата да биде доставена за усвојување до Владата во февруари 2024 г. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност<br>– Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување финансиска инспекција, зајакнување на финансиската дисциплина со цел унапредување на контролата во трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор и корисниците на јавни средства или гаранции и заштита на финансиските интереси на Европската Унија | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.7 Програма: Јавна внатршна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор** | **Цел на програмата:**<br>Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ | | **Одговорен:**<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| **2.1.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Зајакната внатрешна контрола во јавниот сектор | | **Одговорен:**<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година | Подготвен Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година | Целосно постигнати цели | – Спроведена анализа на годишните извештаи за ЈВФК и подготвен Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година. Извештајот е усвоен од страна на Владата на РСМ на седницата одржана на 29.8.2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Координирање на обуките за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија | Организирани обуки за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија | Целосно постигнати цели | - Развој на контролни активности за превенеција од идно креирање долгови во 5 пилот-институции<br>- Две еднодневни работилници за вработените во единиците за финансиски прашања на централно и локално ниво на тема „ ФУК - практична имплементација за буџетските корисници на централно и локално ниво“<br>- Анализа на спроведувањето на регулативата поврзана со менаџерската отчетност во 5 пилот-институции;<br>- Анализа на спроведувањето на регулативата поврзана со управувањето со ризици во 5 пилот-институции;<br>- Две еднодневни работилници за вработените во ЕФП и координаторите за управување со ризици на централно и локално ниво на тема „ЕФП - координативна улога за развој на ФУК и процес на управување со ризици“<br>- Две еднодневни работилници за внатрешните ревизори на централно и локално ниво на тема „Разбирање и практични искуства во процесот на ревизија базиран на ризици“ |
| Спроведување проверка на квалитетот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија | Започната теренска работа и подготвен Нацрт-извештај | Целосно постигнати цели | - Започната проверка на квалитет на работењето на единицата за внатрешна ревизија во Агенцијата за катастар на недвижности и во Општина Велес<br>- Започната проверка на квалитет на финансиското управување и контрола во Агенцијата за катастар на недвижности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поглавје 32 - Финансиска контрола – спроведување активности за Поглавјето согласно Одлуката за воспоставување структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (Службен весник на РСМ бр.200/2022 и измените) | Учество на состаноците за Поглавјето и подготовка на документација | Целосно постигнати цели | - Сите активности се координирани, а подготвени се и сите потребни документи во врска со Поглавјето по барање на СЕП и ЕК<br>- Анализа на Извештајот на ЕК за 2023 година и координација и подготовка на Табеларен преглед за утврдениот прогрес, наоди, препораки и планирани активности за надминување на утврдените слабости<br>- Анализа на Извештајот на ЕК од состанокот на билатералниот скрининг и координација и подготовка на Табеларен преглед за утврдениот прогрес, наоди, препораки и планирани активности за надминување на утврдените слабости |
| Активности поврзани со учеството во работната група за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти | Учество на состаноците за Поглавјето и подготовка на документација | Целосно постигнати цели | - По барање на СЕП и ЕК сите потребни документи во врска со Поглавјето се подготвени<br>- Презентацијата за состанокот на билатералниот скрининг е подготвена и презентирана на состанокот од страна на членот во работната група од ЦЕХ |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | Во тек | | Оваа активност ќе се спроведува во рамки на ИФМИС. Во јули 2023 година заедно со експертите што работат на техничката спецификација и работното тело, ЦЕХ учествуваше во креирање на нов модул за ЈВФК во техничката спецификација за ИФМИС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување обука и испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор | Собранието на РСМ сè уште го нема усвоено Предлог-законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор | | Централната единица за хармонизација во соработка со експертите од твининг-проектот подготвија материјали (учебници) на англиски јазик за трите модули (внатрешна ревизија, финансиско управување и контрола и сметководство). Учебниците се преведени преку твининг-проектот. Понатамошното навремено започнување на другите чекори од оваа активност е поврзано со навременото усвојување на Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |

| **2.1.7.2 Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување преку спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор<br>– Подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор | Извршени финансиски инспекции | Број на извршени финансиски инспекции - 399 | Континуирано спроведување финансиска инспекција, врз основа на закон, кај субјектите од јавниот сектор |
| Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2022 година | Изготвен Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2022 година | Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2022 година е разгледан, како материјал за информирање | Изготвен Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2022 година и доставен до Владата на РСМ на 23.3.2023 година. Извештајот е разгледан од страна на Владата на 147-та седница одржана на 18.4.2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Имплементација на активности во рамки на ИПА твининг-проект „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“ преку спроведување пилот инспекции, обуки/работилници од областа на финансиската инспекција и реализација на студиска посета на земја членка на ЕУ | Ефикасна и ефективна финансиска инспекција со зајакнати капацитети | | Реализирана студиска посета на Република Чешка од областа на финансиската инспекција |
| Подготовка на нацрт-подзаконски и интерни акти врз основа на новиот Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор | Изготвени нацрт-подзаконски и интерни акти врз основа на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор | | На 30.1.2023 година Собранието на РСМ го усвои новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор, а на 7.2.2023 година стапи на сила, по што започна постапката за изготвување нацрт-подзаконски и интерни акти<br><br>Донесени се 2 подзаконски акта кои се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и 4 интерни акти кои се објавени на веб-страницата на Министерството за финансии<br><br>Девет подзаконски акти кои ќе бидат донесени по нивно одобрување од Секретаријатот за законодавство се во финална доработка и усогласување со Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.<br><br>Два интерни акта се во финална фаза на подготовка . |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на Акцискиот план 2022 - 2023 година за имплементација на Националната стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ | Процент на реализација на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија - 82% | Согласно Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија, предвидените активности се целосно реализирани или се во тек на реализација со цел обезбедување ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси | Во рамките на ИПА твининг-проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“ беа спроведени следните обуки:<br>* „Етика и интегритет на државните службеници“<br>* „Кривичен законик, Закон за кривична постапка и други релеватни законски акти од областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ“ и<br>* Вовед во ИПА 3 и главни разлики со ИПА 2<br>- Изготвена е методологија за подготовка на извештајот за работата на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ<br>- Подготвена е веб-страницата на одделението АФКОС и<br>- Реализирана е студиска посета во Естонија од областа на заштита на финансиските интереси на Европската Унија, со претставници од структурите на ИПА и членови на АФКОС-мрежата од клучните институции<br>- Подготвена е анкета на тема „Ставови кон нефер практики меѓу припадниците на општеството“ во областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ<br>- Спроведена е активност за ревидирање на Акцискиот план 2022 - 2023 година за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ 2022 - 2025 година, а подготвен е и нов Акциски план 2024 - 2025 година<br>- Прирачниците за работа на структурите на ИПА се разгледани, а подготвен е и предлог за нивно ажурирање во согласност со Рамковната спогодба според ИПА 3.-Потпишани се меморандуми за соработка од областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ, помеѓу |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Министерството за финансии, Управата за финансиска полиција, Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и Јавното обвинителство на РСМ<br>- Изработени се брошури за подигање на јавната свест од областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ<br>- Присуство на конференцијата на АФКОС: „АФКОС 2023“организирана од страна на Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ), која се одржа од 11 до 13 септември 2023 година во Будва, Црна Гора<br>- Организација на настан за презентација на структурата на ОЛАФ и надлежностите од страна на експерт од ОЛАФ, наменета за членовите на АФКОС-мрежата, структурите за ИПА  и одделението АФКОС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активно учество во реализацијата на активностите за Поглавјето 32 - Финансиска контрола во рамки на НПАА | Придонес во исполнувањето на препораките дадени во Извештајот на Европската комисија во врска со напредокот на РСМ за Поглавјето 32 | | Даден придонес во делот на:<br>- усогласување на националното законодавство (Кривичниот законик) со Директивата 2017/1371 за заштита на финансиските интереси на ЕУ<br>- воспоставувањето на АФКОС-мрежата, согласно одредбите инкорпорирани во Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ при што:<br>- на 14.3.2023 година се одржа првиот конститутивен состанок на АФКОС-мрежата<br>- се усвои Деловник за работа на АФКОС-мрежата<br>- беа доставени коментари/објаснувања во врска со Извештајот за напредокот на РСМ за Поглавјето 32, во областа на заштита на финансиските интереси на ЕУ<br>- на 14.12.2023 година се одржа втор редовен состанок на АФКОС-мрежата за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во РСМ (АФКОС-мрежа).<br>- беа доставени податоци до Кабинетот на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење за активности поврзани со антикорупциските политики во насока на имплементација на препораките од Извештајот на ЕК во делот на Поглавјето 32 - Финансиска контрола<br>- учество на состанокот во Брисел на Поткомитетот за ЕКФИН, кој се одржа на 4 октомври 2023 година |
| Активно учество во реализацијата на активностите за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти во рамки на НПАА | Придонес во давањето податоци за исполнување на препораките дадени во Извештајот на Европската комисија во врска со напредокот на РСМ за Поглавјето 22 | | - дадено е известување за донесување Уредба за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ со инкорпорирани одредби за воспоставување АФКОС-мрежа<br>- изготвени се презентации наменети за билатералниот скрининг одржан на 5 и 6 октомври 2023 година, во делот на АФКОС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година во 2022 година | Изготвен Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година во 2022 година со Акциски план за спроведување 2022 – 2023 година | Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година во 2022 година е разгледан од страна на Владата на Република Северна Македонија на 29.8.2023 година | Извештајот за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2022 - 2025 година во 2022 година со Акциски план за спроведување 2022 – 2023година е разгледан од страна на ВРСМ на 181-та седница одржана на 29.8.2023 година |
| Усвојување внатрешни процедури за работа на одделението | Процент на реализација на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија | | Донесена е внатрешна процедура за работа на одделението АФКОС |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните. | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – задржување на финансиска и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста; | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.8 Програма: Управување со државни средства** | **Цел на програмата:**<br>Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките на експропријација, како и имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање и управување со имотот стекнат по разни основи и наплата на побарувањата од должниците | **Одговорен:**<br>– Управа за имотноправни работи<br>– Сектор за управување со средства |
| **2.1.8.1 Потпрограма: Нормативно имотно-правни и облигациони работи** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките на експропријација, како и имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање | **Одговорен:**<br>– Управа за имотноправни работи |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Имплементација на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Број на завршени предмети за приватизација на градежно земјиште во државна постапка | Бројот на решени предмети постојано се зголемува, а напредокот се следи преку месечните извештаи за бројот на завршени постапки за приватизација и бројот на постапките што се во тек, кои се доставуваат од подрачните одделенија | Континуирана активност |
| Имплементација на Законот за експропријација | Навремено и итно завршување на предметите за експропријација согласно законските рокови | Напредокот во завршувањето на предметите се следи преку извештаите за реализација на конкретните проекти од јавен интерес, кои се доставуваат од подрачните одделенија | Континуирана активност |
| Тековно давање мислења согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | Континуирано и навремено изготвување мислења до Владата на Република Северна Македонија, државни органи, институции основани од државата и други физички и правни лица | Навремено изготвување мислења согласно роковите дадени од Владата на Република Северна Македонија | Континуирана активност |
| Управување со системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Континуирано одржување на системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Редовно и ефикасно одржување и функционирање на системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Континуирана активност |
| Навремено и ефикасно давање одговор по поднесени претставки и предлози согласно Законот за постапување по претставки и предлози | Број на одговорени претставки и предлози | Навремено доставување одговор на претставките во рокот определен во Законот | Континуирана активност |
| Постапување по барања и други поднесоци упатени до Управата за имотноправни работи од страна на подрачните одделенија или од други органи, физички и правни лица | Навремено доставување одговор на доставените барања и поднесоци | Навремено изготвување одговор | Континуирана активност |
| Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана заради усогласување со прописите со кои се уредуваат градбите од стратешки интерес на државата (инфраструктурен Коридор 8 и Коридор 10Д).. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесена е Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории наменети за сместување на подрачното одделение во Прилеп | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана заради обезбедување деловен простор за вработените на Подрачното одделение во Прилеп |
| Изготвени се седум (7) Предлог-одлуки за запишување на правото на користење на Министерството за финансии за деловни простории кои ги користат подрачните одделенија во Гостивар, Делчево, Кочани, Охрид, Тетово, Штип, Центар | | | Оваа активност не е предвидена во Годишниот план за 2023 година, но сепак е реализирана со цел запишување на правото на користење на недвижниот имот кој го користат подрачните одделенија во Гостивар, Делчево, Кочани, Охрид, Тетово, Штип и Центар |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | Текстот на Предлог-законот беше доставен до Собранието на РСМ, но, поради потребата од допрецизирање и доуредување на одредени одредби од Законот кои во досегашната примена се покажаа како неопходни, Владата на РСМ на седницата одржана на 6.6.2023 година го повлече од собраниска постапка | | |
| Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Во август 2023 година е доставено барање за повлекување на Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост од Законодавната агенда поради потреба од формирање работна група со овластени претставници од Управата за имотноправни работи и претставници од други институции кои ќе проценат дали и во кој обем ќе се вршат измени и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесување Уредба за утврдување на висината на закупнината на градежно изградено земјиште во државна сопственост коешто е предмет на закуп, како и начинот на наплата на закупнината | Предлог-уредбата е изготвена, но потоа е повлечена со оглед на тоа дека нејзината содржина зависи од донесувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост со кој се предвидува продолжување на рокот за поднесување барања за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост | | |
| Донесување Уредба за утврдување на висината на надоместокот за градежното земјиште во државна сопственост коешто е предмет на приватизација по воспоставен закуп и на начинот на наплата на надоместокот за приватизација | Во август 2023 година е доставено барање за повлекување на цитираната уредба поради потреба од формирање работна група со овластени претставници од Управата за имотноправни работи и од други институции кои ќе проценат дали и во кој обем ќе се вршат измени и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, како и потребата од донесувањето на овој подзаконски акт | | |
| Донесување Уредба за изменување на Уредбата за висина на надоместокот за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежно земјиште | Уредбата што е во сила е оспорена пред Уставниот суд на РСМ, а сè уште не е донесена одлука. Од одлуката на Уставниот суд ќе зависат понатамошните активности што ќе бидат преземени во однос на овој подзаконски акт | | |

| **2.1.8.2 Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците** | **Цел на потпрограмата:**<br>Наплата на побарувања, ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања, продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со средства |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изработка на извештаи за преземени мерки за наплата точка 5.5 од Процедурата за преземање мерки за наплата на побарувањата број 01-5226/1 од 12.8.2019 година | Извештаи за преземени мерки за наплата | Континуирана соработка со другите сектори | |
| Писмена преписка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија (барање известувања и одговори за состојбата на поведените постапки) | Соработка со Државното правобранителство за преземање мерки за иницирање нови постапки, ефикасно завршување на поведените постапки и преземање мерки за реализација на правосилни и извршни акти и мерки за преземање имот стекнат во стечајни постапки | Континуирана соработка со Државното правобранителство | |
| Барање за нови процени и ургенции за процена на имот до Бирото за судски вештачења | Доставени барања/ургенции за процена до Бирото за судски вештачења | Континуирана соработка со Бирото за судски вештачења | |
| Постапување по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (донесување управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставување до првостепените органи | Континуирана соработка со Управниот суд, Вишиот управен суд и првостепените органи | |
| Спроведување на акциски план за попис на имот | Спроведен акциски план за попис на имот | Сметководствена евиденција и состојба на лице место | |
| Извештај на Комисијата за попис на побарувањата и обврските и на недвижен и движен имот | Изготвен Извештај за попис на побарувањата и обврските и на недвижен и движен имот | Сметководствена евиденција и состојба на лице место | |
| Завршни сметки | Изготвени завршни сметки | Сметководствена евиденција | |
| Поднесување опомени и известувања до должници | Поднесени опомени и известувања до должници | Континуирана соработка со Државното правобранителство | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Продажба на имот стекнат во постапка за наплата на побарувања за кој се добиени процени од Бирото за судски вештачења | Изготвени информации до Владата на Република Северна Македонија со предлог-одлуки за продажба на имот | Континуирана соработка со Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Република Северна Македонија, корисник Министерство за финансии | |
| Постапување по заведени управни спорови пред Управниот и пред Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (дописи до првостепените органи, одговори на тужби и одговори на жалби до судовите) | Изготвени дописи/одговори на тужби/одговори на жалби до првостепените органи/Управен суд | Континуирана соработка со Управниот суд, Вишиот управен суд и првостепените органи | |
| Обезбедување на комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Обезбедена комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Сметководствена евиденција | |
| Следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржување на отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците - редовна проверка | Следење и преземање мерки за наплата на побарувањата | Континуирана соработка со Државното правобранителство | |
| Постапување по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување на управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставени до Управата за јавни приходи | Континуирана соработка со Управата за јавни приходи | |
| Активирање на инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на донации/поднесување барање за поведување судска постапка за наплата на побарувања | Навремено активирање на инструменти | Континуирана соработка со Секторот за трезор и Управата за јавни приходи | |
| Проверка на степенот на реализација на извршени продажби на имот, на годишно ниво | Редовно преземени дејствија за продажба на имот | Континуирано следење на продажбата на имотот | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Анализа и процена на побарувањата кои од разни причини не можат да се наплатат, да се отпишат (по донесување соодветно законско решение) | Непостоење на законски основ за отпишување на ненаплатливите побарувања. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања (по донесување соодветно законско решение) | Непостоење на законски основ за отпишување на ненаплатливите побарувања. | | |

## 2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2023 година

Иницијативи во надлежност на Министерството за финансии кои биле доставени до Владата на Република Северна Македонија согласно Годишната програма за работа за 2023 година

| Иницијативи доставени до Владата согласно Годишната програма за работа за 2023 година | Иницијативи кои биле предвидени согласно Годишната програма, а не се доставени | Организациона единица |
|---|---|---|
| 1. Предлог-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година | | Секор за меѓународни финансиски односи |
| 2. Годишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година со Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 3. Полугодишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - јуни 2023 година | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 4. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (Четврти квартал 2022 година) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 5. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (Прв квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 6. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (Втор квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив (Трет квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 8. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за изградба на источниот дел од железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 9. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за изградба на источниот дел од железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| | 10. Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција и изградба на магистрални гасоводи - делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе - Велес“, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 11. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот „Рехабилитација на ХЕЦ - фаза 3“, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ Скопје | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 12. Информација со Одлука за зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| | 13. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| 14. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој (АФД) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 15. Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на ЕУ во 2022 година | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 16. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2022 година | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 17. Предлог-програма на економски реформи 2023 - 2025 година | | Сектор за економска политика и развој |
| 18. Информација за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) 2024 - 2026 година со Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско - финансискиот дијалог со Европската Унија од мај 2023 година | | Сектор за економска политика и развој |
| 19. Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 г. | | Сектор за економска политика и развој |
| 20. Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2022 година | | Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |
| 21. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (Прво дополнување) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 22. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (Второ дополнување) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 23. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (Трето дополнување) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 24. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (Четврто дополнување) | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 25. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2024 година | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |

| | | |
|---|---|---|
| | 26. Предлог за изменување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за периодот 2021 - 2025 година | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 29. Предлог-закон за даночната постапка | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 30. Предлог-закон за административна соработка за даночни цели | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 31. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 32. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| | 33. Предлог-закон за осигурување | Сектор за финансиски систем |
| | 34. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити | Сектор за финансиски систем |
| | 35. Предлог-закон за банките | Сектор за финансиски систем |
| 36. Предлог-закон за закрепнување на банките со проблеми | | Сектор за финансиски систем |
| | 37. Предлог-закон за управување со алтернативни инвестициски фондови | Сектор за финансиски систем |
| 38. Предлог-закон за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите | | Сектор за финансиски систем |
| 39. Предлог-закон за финансиски инструменти | | Сектор за финансиски систем |
| 40. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) | | Сектор за финансиски систем |
| | 41. Предлог-закон за сметководство на буџетите и буџетските институции | Сектор за финансиски систем |
| | 42. Предлог-закон за ревизија | Сектор за финансиски систем |
| | 43. Предлог-закон за сметководство | Сектор за финансиски систем |
| 44. Предлог-одлука за Дваесет и втора емисија на обврзници за денационализација | | Сектор за финансиски систем |
| 45. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри | | Сектор за финансиски систем |
| 46. Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет во 2023 година | | Сектор за трезор |
| 47. Годишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за 2022 година | | Сектор за трезор |

| | | |
|---|---|---|
| 48. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 49. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 50. Информација за донесување Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024 - 2026 (со изгледи до 2028 година) | | Сектор за управување со јавен долг |
| 51. Предлог-уредба за формирање на структурите и органите за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош за Република Северна Македонија во рамките на Инструментот за претпристапна помош - ИПА 3 | | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |
| | 52. Информација за процесот на воспоставување систем за управување со помошта во Република Северна Македонија во рамките на ИПА 3 | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |
| | 53. Информација за статусот на имплементација на ИПА 2 и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2023 година | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |
| | 54. Информација за статусот на имплементација на Програмата ИПАРД 2 и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2023 година | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |
| 55. Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2024 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 56. Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 57. Предлог-фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочниот период 2024 - 2028 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 58. Предлог-уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 59. Предлог-завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 60. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година | | Сектор за буџети и фондови |
| | 61. Предлог-закон за управување со општински долгови | Сектор за буџети и фондови |
| | 62. Предлог-закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (нов) | Сектор за буџети и фондови |

| | | |
|---|---|---|
| 63. Информација за преземени активности за исполнување на условите за влез во втората фаза на фискална децентрализација на Општина Пласница | | Сектор за буџети и фондови |
| 64. Предлог-закон за стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија | | Одделение за стратешко планирање |
| | 65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | Управа за имотноправни односи |
| | 66. Предлог-уредба за утврдување на висината на закупнината на градежно изградено земјиште во државна сопственост кое е предмет на закуп, како и начинот на наплата на закупнината | Управа за имотноправни односи |
| | 67. Предлог-уредба за утврдување на висината на надоместокот за градежното земјиште во државна сопственост кое е предмет на приватизација по воспоставен закуп, како и начинот на наплата на надоместокот за приватизација | Управа за имотноправни односи |
| | 68. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за висина на надоместокот за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежно земјиште | Управа за имотноправни односи |
| | 69. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Управа за имотноправни односи |

| **Иницијативи кои не биле предвидени согласно Годишната програма за работа на Владата за 2023 година, а биле доставени** | **Образложение** | **Организациона единица** |
|---|---|---|
| 1. Информација за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување систем за индиректно управување со средствата од ИПА од страна на Република Северна Македонија, согласно барањата што произлегуваат од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година и назначување на националниот координатор за авторизација (НАО) за ИПА 3 | | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Информација за консолидираните акциски планови по програмите за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во годишните извештаи за ревизорската активност за 2022 година издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош - ИПА | | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |
| 3. Информација за резултатите од завршената истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007 – 2013 година | | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ-ИПА |
| 4. Информација за резултатите од завршената истрага (OC/2018/1177/B4) од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007 - 2013 година во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ 2009) | | Национален координатор за авторизација и Сектор за управување со средствата од ЕУ - ИПА |
| 5. Предлог-закон за данок на солидарност | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 6. Стратегијата за формализација на неформална економија 2023 - 2025 година и нејзино доставување до Владата за усвојување | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 7. Информација со Предлог-стратегија за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Акциски план | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 8. Предлог-закон за изменување на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на одлуката за склучување анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, по скратена постапка | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 9. Одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данок на додадена вредност | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 10. Одлука за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данок на додадена вредност | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 11. Информација за плаќање на обврските од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |

| | | |
|---|---|---|
| 12. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 13. Информација во врска со состанокот на Заедничкиот комитет на регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила | | Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| 14. Информација за потребата од склучување Договор за грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии и Европската инвестициска банка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 15. Одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународното здружение за развој | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 16. Информација од одржаните разговори со мисијата на Светската банка во периодот од 28 до 31 март 2023 година за потребата од обезбедување заем за развојни политики | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 17. Информација за потребата од обезбедување заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова - КфВ наменет за буџетска поддршка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 18. Информација во врска со подготовката и усогласувањето на документот Систематска дијагностика на земјата, во соработка со Светската банка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 19. Информација за подготовката на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 4 октомври 2023 година, со прилози | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 20. Информација за Рамката за партнерство (Country Partnership Framework) на Република Северна Македонија со Групацијата на Светската банка за периодот 2024 – 2028 година | | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| 21. Предлогзакон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 22. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 23. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 24. Информација за потребата од исполнување на условите за обезбедување заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова – КфВ наменет за буџетска поддршка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 25. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи помеѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции, по скратена постапка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 26. Информација во врска со потребата од доставување Писмо за развојни политики до Светската банка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 27. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност, по скратена постапка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 28. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на организацијата на земјите извозниchki на нафта по Договорот за  за одржливост и отпорност, по скратена постапка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 29. Информација за водени разговори со ММФ за време на мисијата за првиот и вториот преглед на кредитната линија за претпазливост и ликвидност | | Сектор за меѓународни финансиски односи |

| | | |
|---|---|---|
| 30. Предлог-закон за гаранција на РСМ по обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на проектот за надградба и развој на патишта кој ќе се склучи помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и ЈПДП | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 31. Предлог-закон за задолжување на РСМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги, по скратена постапка | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 32. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност | | Сектор за финансиски систем |
| 33. Закон за изменување и дополнување на Законот за издавање обврзници за денационализација | | Сектор за финансиски систем |
| 34. Предлог на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, по скратена постапка | | Сектор за финансиски систем |
| 35. Закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија | | Сектор за финансиски систем |
| 36. Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка | | Сектор за финансиски систем |
| 37. Одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од финансискиот договор наменет за финансирање на мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, склучен помеѓу ЕИБ и РБСМ | | Сектор за управување со јавен долг |
| 38. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар за 2023 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 39. Информација за задолжување на Општина Ресен кај Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје со Предлог-одлука за задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | | Сектор за управување со јавен долг |
| 40. Информација за задолжување на Општина Ново Село кај Комерцијална банка АД Скопје со Предлог-одлука за задолжување на Општина Ново Село со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје | | Сектор за управување со јавен долг |
| 41. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | | Управа за имотноправни работи |

| | | |
|---|---|---|
| 42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии за деловни простории кои се наменети за сместување на подрачното одделение во Прилеп | | Управа за имотноправни работи |
| 43. Информација за регулирање на долг на Општина М. Брод | | Сектор за управување со средства |
| 44. Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Реализацијата на активноста произлегува од потребата за преземање мерки од страна на Владата со цел надминување на проблемите во секторите здравство, земјоделие, образование, социјална заштита и други клучни сектори | Сектор за буџет и фондови |
| 45. План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори | За фискална консолидација и ефикасно и одржливо намалување на фискалниот дефицит потребна е комбинација од мерки и на приходна и на расходна страна на Буџетот. Имајќи ги предвид ограничените ресурси и потребата од финансирање на приоритетните проекти, сè повеќе се наметнува неопходноста од усовршување на процесот на буџетско планирање базирано на перформанси и рационализација на одредени расходи и воспоставување соодветни стандарди | Сектор за буџет и фондови |

## 2.3 Оценка на спроведувањето на другите активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Административна и информатичка поддршка на Министерството со цел непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки и изготвување акти за канцелариско и архивско работење | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.3.1 Програма: Администрација и поддршка** | **Цел на програмата:**<br>Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството и во субјектите со кои има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за прани работи<br>– Сектор за општи работи<br>– Сектор за управување со човечки ресурси<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Сектор за ИТ технологија и дигитализација<br>– Одделение за стратешко планирање<br>– Сектор - Академија за јавни финансии |
| **2.3.1.1 Потпрограма: Правни работи** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучени договори | | **Одговорен:**<br>– Сектор за правни работи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и на планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Се изготвува согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е изготвен во предвидениот законски рок | |
| Изготвување Годишен план за јавни набавки за 2023 година | Годишниот план за јавни набавки за 2023 година е донесен во предвидениот законски рок и неговата реализација се одвива континуирано | Годишниот план за јавни набавки на Министерството за финансии е донесен во законскиот рок согласно Законот за јавните набавки | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на отпочнатите незавршени постапки за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година и спроведување на постапките за јавните набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година | Постапките започнати согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година се завршени.<br>Постапките започнати согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година се завршени, со исклучок на седум постапки кои се во завршна фаза | Во континуитет се спроведуваат Постапките за јавните набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година Се спроведуваат во континуитет | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.3.1.2 Потпрограма: Општи работи** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | **Одговорен:**<br>- Сектор за општи работи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки склучени согласно годишните планови за јавни набавки за претходните години и договорите за јавни набавки што ќе се склучат согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година | Во текот на 2023 година се следеше реализацијата на околу 166 договори за јавни набавка склучени во 2021 и 2022 година (кои се реализираа и во текот на 2023 година) и на склучените договори во 2023 година. Реализацијата се вршеше со изготвување порачки за нив, притоа се следеше реализацијата да биде согласно склучените договори и навремено се вршеше евидентирање во воспоставените евиденции во Секторот за општи работи | Склучените договори за јавни набавки во 2021 и 2022 година (кои се реализираа и во текот на 2023 година) и договорите за јавни набавки склучени во 2023 година се реализираа целосно и навремено, согласно искажаните потреби на секторите во МФ | |
| Спроведување постапки, склучување договори и следење на реализацијата на договорите чија постапка се спроведува без примена на ЗЈН во 2023 година | Во текот на 2023 година беа склучени 3 договори надвор од Законот за јавни набавки, и тоа:<br>1. Договор со Државниот архив на Македонија за извршување услуга – одбирање и средување јавен архивски и документарен материјал и уништување на документарниот материјал на кој му истекол рокот за чување | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2. Договор за изнајмување на паркинг простор во катната гаража „БЕКО“ за потребите на службените возила на Министерството за финансии<br>3. Договор за поштенски услуги за поштенски пратки до 50 грама<br>4. Договор за користење паркинг во катната гаража „Беко“ од страна на вработените во Министерство за финансии 5. Договор за претплата на електронската база на прописи на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“ | | |
| Следење на реализацијата на договорот склучен со СОЗР за 2023 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2023 година | Договорот се реализираше во согласност со одредбите од договорот склучен со СОЗР за 2023 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2023 година | | |
| Подготовка на Решение за определување на видови предмети за кои се води попис на документи/записи за 2024 година | Се наведуваат документите, односно записите од ист вид што произлегуваат во поголем обем и за кои се води попис | Се даваат информации за документите, односно записите што произлегуваат во поголем обем и кои ќе се водат во попис на документи/записи<br>Реализирано | Доколку ваквите документи, односно записи од ист вид, што произлегуват во поголем обем не се водат во попис на документи, ќе дојде до голема оптовареност на другите деловодници.<br>Иако оваа активност не е предвидена во Годишниот план, Секторот за правни работи сепак ја спроведува |
| Подготовка на План на архивски знаци за 2024 година | Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерството за финансии | Се даваат информации за архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерство за финансии<br>Реализирано | Планот за архивски знаци се носи на крајот на секоја календарска година за наредната година, согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење. Доколку не се донесе, ризикот е непочитување на Уредбата. Над оваа активност надзор врши Државниот архив на Република Северна Македонија.<br>Иако оваа активност не е предвидена во Годишниот план, Секторот за правни работи сепак ја спроведува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2024 година | Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување | Се даваат информации за документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување Реализирано | Листата се носи на крајот на секоја календарска година за наредната година, врз основа на Планот, а согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење. Доколку не се донесе, нема да се знае кој документ колку време се чува, а ризикот е непочитување на Уредбата, а надзор над тоа врши Државниот архив на Република Северна Македонија. Иако оваа активност не е предвидена во Годишниот план, сепак Секторот за правни работи ја спроведува |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.3.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси** | **Цел на програмата/потпрограмата:** – Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен:** – Сектор за управување со човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување решенија за распоредување на сите вработени во МФ според новиот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии | | | Решенијата за распоредување на сите вработени во Министерството согласно новиот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии се изготвени |
| Изготвување решенија за користење годишен одмор на сите вработени во МФ | | | Решенијата за користење годишен одмор се изготвуваат во континуитет |
| Спроведување постапка за управување со ефектот на вработените | | | Постапката е спроведена во законски утврдениот рок |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Административна и информатичка поддршка на макроекономската и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст и унапредување на фискалната децентрализација;<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност) | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.3.2 Програма: Економска политика и развој** | **Цел на програмата:**<br>Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе значи подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија | | **Одговорен:**<br>– Посебен советник на министерот<br>– Сектор за економска политика и развој |
| **2.3.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори и координација во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | | **Одговорен:**<br>– Сектор за економска политика и развој |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на среднорочно макроекономско сценарио во рамки на Фискалната стратегија | Доставен текст за макроекономските остварувања и среднорочното макроекономско сценарио до Секторот за буџет и фондови | По доставено писмено барање од страна на Секторот за буџет и фондови за добивање податоци, Секторот за економска политика и развој изработи анализа за економските движења во светот и земјата и за среднорочното макроекономско сценарио за македонската економија.<br>Анализата се однесува на последните економски движења во светот и Република Северна Македонија, додека среднорочното макроекономско сценарио за Република Северна Македонија ги содржи макроекономските проекции за наредниот среднорочен период.<br>Текстовите за макроекономските остварувања и среднорочното макроекономско сценарио е доставен до Секторот за буџет и фондови. Тие се вклучени во Фискалната стратегија 2024 - | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2028 г. и во Ревидираната фискална стратегија 2024 - 2028 г. https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2023/06/Fiskalna-strategija-na-RSM-2024-2028-so-Prilog-3.pdf | |
| Подготовка на информации за краткорочните месечни економски движења и Статистички преглед на Министерството за финансии | Објавени краткорочни економски движења https://www.finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/<br><br>Објавен Статистички преглед<br><br>https://www.finance.gov.mk/статистички-преглед/ | Податоците за економските движења во реалниот, монетарниот, фискалниот, социјалниот и надворешниот сектор се собираат, а потоа се подготвува соодветна месечна анализа. Се изработува извештај за краткорочните економски движења во кој се вклучени и табелите за приходи и расходи по буџетски корисници, а потоа извештајот се објавува на веб-страницата на Министерството за финансии. Овие извештаи се објавуваат на месечна основа. Активноста е континуирана.<br><br>Податоците за економските движења во реалниот, монетарниот, фискалниот, социјалниот и надворешниот сектор се собираат, а потоа се изработуваат табели со временски серии со податоци за променливи од областа на макроекономијата, буџетот и јавниот долг. Статистичкиот преглед се објавува на веб-страницата на Министерството за финансии на месечна основа. | |
| Подготовка на квартални економски извештаи | Објавени квартални економски извештаи<br><br>https://www.finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/ | Податоците за економските движења во реалниот, монетарниот, фискалниот, социјалниот и надворешниот сектор се собираат, а потоа се подготвува квартална анализа на податоците. Кварталниот економски извештај и табелите за приходи и расходи по буџетски корисници се објавуваат на веб-страницата на Министерството за финансии | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Редовно следење на остварувањето на макроекономските показатели по сектори и подготовка на кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции | Подготвени кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции | Изготвени и доставени соопштенија до Кабинетот на МФ преку електронска пошта, во врска со БДП, пазар на труд, надворешнотрговска размена, инфлација и индустриско производство, резиме на извештаи со економски проекции објавени од ММФ, ЕК, СБ и ЕБОР | |
| Зајакнување на капацитетите за макроекономско моделирање и проектирање и унапредување на базата на макроекономски податоци во рамки на проекти на ЕУ, Швајцарската влада и Светската банка | Континуирано јакнење на капацитетите преку учество во постојни проекти на ММФ, ЦЕФ, Светска банка, СЕЦО | Секторот е вклучен во следниве проекти:<br><br>- Глобалниот проект на Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања - СЕЦО (SECO - Swiss State Secretariat for Economic Affairs) за макроекономско планирање и управување (Macroeconomic Planning and Management Project - MPMP), којшто се базира на инструментот на ММФ за финансиско програмирање и политики - ФПП (FPP)<br><br>-Регионален проект на ЕУ којшто го спроведува СБ<br><br>-Регионален проект на ЕУ за интегрирање на структурните мерки во фискалните рамки, којшто го спроведува ЦЕФ<br><br>Во периодот од јануари до март 2023 г. се реализираа обуки за податоци -временски серии, сезонско прилагодување, избор и визуелизација на серии во рамките на глобалниот проект на СЕЦО (SECO - Swiss State Secretariat for Economic Affairs) за макроекономско планирање и управување (Macroeconomic Planning and Management Project - MPMP), којшто се базира на инструментот на ММФ за финансиско програмирање и политики – ФПП (FPP), како и обуки за краткорочно предвидување на инфлацијата, во рамки на регионалниот проект на Светската банка финансиран од ЕУ за поддршка на процесот за подобрување на управувањето со јавните финансии | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во март 2023 година ЦЕФ – Љубљана одржа онлајн обука на тема: Лидерски предизвици за структурни реформи<br><br>https://www.cef-see.org/23-lcfsr-p-1169<br><br>На 25 и 26 април 2023 г., во организација на ЦЕФ - Љубљана се одржа работилницата - Соработка за процена на влијанието на структурните реформи во Северна Македонија (Collaborative Impact Assessment of Structural Reforms in North Macedonia)<br><br>Во периодот од 16.5 до 19.5.2023 година се одржа обука во рамките на глобалниот проект на СЕЦО за макроекономско планирање и управување (Macroeconomic Planning and Management Project - MPMP), којшто се базира на инструментот на ММФ за финансиско програмирање и политики – ФПП (FPP), а со која беа опфатени ажурирањето на базата на податоци за моделот ФПП , избор на визуелизација на серии и разработување на врските помеѓу варијаблите во моделот<br><br>Во периодот од 8.6 до 9.6 2023 година се одржа онлајн мисија на Светската банка за обука за моделот за краткорочно предвидување на инфлацијата, во рамки на регионалниот проект на Светската банка финансиран од ЕУ за поддршка на процесот за подобрување на управувањето со јавните финансии (EU TF Strengthening Fiscal Governance in the Western Balkans)<br><br>Во периодот од 12.6. до 23.6.2023 година, во просториите на Министерството за финансии се одржа обука за Основи на економетрија, со експерти од Светската банка, а на која учествуваа вработени од секторите: Економска политика, Буџет, Трезор, Јавен долг и Даноци. Обуката е дел | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од регионалниот проект на Светската банка финансиран од ЕУ за поддршка на процесот за подобрување на управувањето со јавните финансии. (EU TF Strengthening Fiscal Governance in the Western Balkans)<br><br>На 4 и 5 јули 2023 г. во Скопје во организација на ЦЕФ - Љубљана се одржаработилница на тема „ПЕР 2024 – 2026: Интегрирано планирање и координација – Северна Македонија“ (ERP 2024 - 2026: Integrated Planning and Coordination - North Macedonia), на која учествуваа министерствата од РГ за ПЕР и заинтересираните страни<br><br>https://www.cef-see.org/23-e2spaicnm-1142<br><br>Во периодот од 10.7 до 14.7.2023 г. се одржа обука организирана од Светската банка за краткорочно проектирање на БДП (EU TF Strengthening Fiscal Governance in the Western Balkans)<br><br>Во периодот од 12 до 15 и од 26 до 29 септември 2023 г. во МФ се одржаа обуки во рамките на глобалниот проект на СЕЦО, а од 2 до 6 октомври се одржа обука за градење макроструктурен модел за земјата, организирана од страна на Светската банка<br><br>Од 24 до 26 октомври 2023 г. се одржа работилница во организација на ЦЕФ – Љубљана, на тема „Интегрирање на структурните реформи содржани во ПЕР 2024 – 2026 година во буџетите и меѓусебна соработка за процена на влијанието“ (Integration of Structural Reforms from the ERP 2024-2026 into Budgets and Collaborative Approach to Impact Assessment)<br><br>https://www.cef-see.org/23-catia3nm-1578<br><br>Во периодот ноември – декември 2023 година се одржаа следните обуки во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | рамките на глобалниот проект на СЕЦО (SECO) за макроекономско планирање и управување:<br><br>1. Од 7.11.2023 до 10.11.2023 г. се одржа обука со физичко присуство за градење основно и алтернативни сценарија, односно воведување посебен дел за сценарија, во кој може да се воведуваат одредени позначајни шокови врз економските движења<br><br>2. Од 28.11.2023 до 01.12.2023 г. се спроведе онлајн обука за зајакнување на аналитичките капацитети на вработените со посебен осврт на секој сектор од економијата<br><br>3. Од 12.12.2023 до 15.12.2023 г. се одржа обука со физичко присуство за целосно повторување на сите користени чекори при градењето на моделот за македонската економија и дополнително објаснување на одредени нејаснотии што произлегуваат од практичната примена на моделот | |
| Активно учество во работните групи за областа Економски критериуми и Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна политика во рамки на НПАА<br><br>Активно учество во работната група за областа Економски критериуми<br><br>Активно учество во работната група за Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна политика во рамки на НПАА | Подготвен и доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа Економски критериуми<br><br>Подготвен и доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во поглавјето 3.17 Економска и монетарна политика | Доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во поглавјето 2 - Економски критериуми.<br><br>Доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во поглавјето 3.17 - Економска и монетарна политика.<br>Учество на билатералниот скрининг за Поглавјето 3.17 на 6.6.2023 г. во Брисел<br>Доставен записник од билатералниот скрининг за П 3.17 до СЕП | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во ноември 2023 година беше направена анализа на Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2023 година и беа пополнети табели со нотираните препораки во Извештајот за областа Економски критериуми и поглавје 17 Економска и монетарна политика, односно каква е состојбата и кои активности се преземени или треба да се преземат со цел нејзино подобрување | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност<br>– Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола и спроведување финансиска инспекција и зајакнување на финансиската дисциплина со цел зајакнување на контролата во трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор и корисници на јавни средства или гаранции и заштита на финансиските интереси на Европската Унија | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.3.7 Програма: Јавна внатршна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор** | **Цел на програмата:**<br>Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ | **Одговорен:**<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– -Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| **2.3.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Зајакната внатрешна контрола во јавниот сектор | **Одговорен:**<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на подзаконски акти на Законот за системот на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор | Подготовени подзаконски акти на Законот за системот на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор | Делумно постигнати цели | - Подготвен Нацрт-правилник за начинот на извршување на активностите во надлежност на Единицата за финансиски прашања<br>- Подготвен Нацрт-правилник за континуирано професионално усовршување на внатрешните ревизори<br>- Подготвено Нацрт-упатство за спроведување проверки за квалитет на внатрешната ревизија<br>- Подготвен Прирачник за внатрешна ревизија (ИТ ревизија) |

# 3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## 3.1 Извештај за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2023 година

Во извештајот за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2023 година, остварените активности се прикажани по следните основи, и тоа:

Табела 1. Реализирани распоредувања и/или унапредувања во рамките на институцијата

| Распоредувања | Унапредувања | Вкупно |
|---|---|---|
| 29 | 90 | 119 |

Табела 2. Реализирани распоредувања и/или унапредувања по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | Власи | Роми | | Бошњаци | | Други | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 28 | ж. 40 | м.23 | ж. 23 | м. 2 | ж. 1 | / | / | м. / | ж. 1 | м. 1 | ж. / | / | м. 54 | ж. 65 |
| **Вкупно** | **68** | | **46** | | **3** | | **/** | **/** | **1** | | **1** | | **/** | **119** | |

Табела 3. Престанок на работен однос по причина

| **Старосна пензија** | **Спогодбен престанок** | **Смрт** | **Неоправдано отсуство или по судска одлука** | **Завршување на договор** | **По барање на вработениот** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 2 | / | 3 | 2 | 10 | 33 |

Табела 4. Престанок на работен однос по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 9 | ж. 18 | м. 3 | ж. 2 | м. 1 | / | / | / | / | / | / | м. 13 | ж. 20 |
| **Вкупно** | **27** | | **5** | | **1** | | / | / | / | / | / | **33** | |

Табела 5. Реализирани нови вработувања во институцијата по работни места

| **Помошник раководител на сектор** | **Раководител на одделение** | **Советник** | **Виш соработник** | **Соработник** | **Помлад соработник** | **Самостоен референт** | **Референт** | **Помлад референт** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 3 | 10 | 6 | 10 | 23 | 4 | 2 | 1 | 62 |

Табела 6. Реализирани нови вработувања во институцијата по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Власи | Роми | | Бошњаци | | Други | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 2 | ж. 4 | м. 16 | ж. 25 | м. 1 | ж. 3 | м. / | ж. 1 | / | м. 2 | ж. 3 | м. / | ж. 3 | м. / | ж. 2 | м. 21 | ж. 41 |
| **Вкупно** | **6** | | **41** | | **4** | | **1** | | / | **5** | | **3** | | **2** | | **62** | |

Табела 7. Реализирани преземања од други институции по работни места

| **Државен советник** | **Раководител на сектор** | **Помошник раководител на сектор** | **Раководител на одделение** | **Советник** | **Помлад соработник** | **Самостоен референт** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 5 | 2 | 14 |

Табела 8. Реализирани преземања од други институции по припадност на заедница и род

| Припадност | Македонци | | Албанци | | Турци | Срби | | Власи | Роми | Бошњаци | Други | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | м. 1 | ж. 7 | м. 2 | 4 | / | м. 1 | ж. / | / | / | / | / | м. 4 | ж. 11 |
| **Вкупно** | **8** | | **6** | | / | **1** | | / | / | / | / | **15** | |

## 3.2 Извештај за реализацијата на Годишниот план за обуки

Министерството за финансии има донесено Годишен план за генерички обуки на административни службеници за 2023 година, со бр. 01-1336/1 од 13.2.2023 година, во согласност со член 58 став 1 од Законот за административни службеници и член 2 од Правилникот за содржината и формата на годишниот план за обуки на административните службеници и Извештајот за негова реализација и за него е добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација. Обуките за стручното усовршување на административните службеници се генерички и специјализирани и можат да се организираат во училница или преку интернет пристап од работното место на административниот службеник до електронскиот систем за управување со обуки.

Согласно Извештајот за реализацијата на Годишниот план за генерички обуки за 2023 година, во Министерството за финансии 1 административен службеник реализирал вкупно 1 генеричка обука.

# 4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

- Пролонгирањето на здравствената криза во земјата и на меѓународно ниво, но и зголемената неизвесност поврзана со времетраењето и интензитетот на овој неекономски шок имаше негативно влијание врз очекувањата за економската активност во почетокот на 2023 година.
- Енергетската криза, воениот конфликт во Украина, општата економска состојба во земјата и на меѓународно ниво, како и неизвесноста за нејзиното времетраење се дел од поголемите ризици.
- Недоволниот број вработени лица во одредени сектори и големата флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура во однос на зголемениот обем на работа претставува ризик во исполнувањето на мерките и резултатите.

# 5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

За реализација на зацртаните цели и активности и за подготовка на наведените стратешки документи во Министерството за финансии, а со цел намалување на флуктуацијата на човечки ресурси, потребно е постојано зајакнување на административните капацитети со доволен број стручни и професионално обучени службеници во одделни сектори и организациони единици, согласно резултатите од извршената анализа на обемот на работни места.

Раководството на секторите/органот во состав треба да обезбеди доставување соодветни податоци во утврдените рокови, а притоа податоците да бидат комплетни, проверени, кратки, јасни и точни, претходно одобрени и од државниот секретар, затоа што од квалитетот и навременоста на доставените податоци зависи и квалитетот и навременоста на Извештајот.

Раководството на секторите/органот во состав треба да обезбеди поголема посветеност, односно должно внимание при планирањето, реализацијата, следењето на реализацијата и отчетноста.

Треба да се преземаат дополнителни напори за реализација на планираните активности во утврдените рокови, односно почитување на роковите за навремено извршување на активностите, а воедно и да се испитаат причините и последиците од несоодветното реализирање или нереализирање на планираните активности, примената на соодветните предлози за нивно надминување и да се преземат соодветни мерки.